ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

# Кривично-правната заштита за кривичните дела против слободите и правата на човекот

# АНАЛИЗА...

2017

Оваа анализа е овозможена со поддршка од Фондацијата Отворено Општество - Македонија (ФООМ). Содржината на анализата е одговорност на авторот и Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија и не ги изразува ставовите на ФООМ.

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

# Анализа на кривично-правната заштита за кривичните дела против слободите и правата на човекот

Издавач:
**Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија**

Автор:
**проф. д-р Гордан Калајџиев**

Истражувачки:
**Неда Чаловска Димовска**
**Јована Јовановска**

Лектор:
**Дејан Василевски**

Дизајн и печатење:
**Релатив**

CIP- Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

343.412:340:13

КАЛАЈЏИЕВ, Гордан
Анализа на кривично-правната заштита за кривичните дела против слободите и правата на човекот / [автор Гордан Калајџиев ; истражувачи Неда Чаловска Димовска, Јована Јовановска].- Скопје : Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2017.- 63 стр. : табели ; 21 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4790-13-6

а) Повреда на човековите права и слободи- Кривично-правна заштита
COBISS.MK-ID 102848010

# Содржина:


| | |
|---|---|
| Вовед | 5 |
| Методологија | 6 |
| Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот | 7 |
| Кривични дела против изборите и гласањето | 21 |
| Приказ и анализа на обработени податоци | 29 |
| Заклучоци | 56 |
| Генерални препораки | 59 |
| Студија на случај | 60 |


## Листа на кратенки:

МВР - Министерство за внатрешни работи
ЈО - Јавно обвинителство
ОЈО - Основно јавно обвинителство
ДЗС - Државен завод за статистика
КЗ - Кривичен законик
НП- Народен правобранител
РМ- Република Македонија
ЗКП- Закон за кривична постапка
ЕКЧП- Европска конвенција за човекови права
ОБСЕ- Организација за безбедност и соработка на Европа
ОДИХР- Организација за демократски институции и човекови права

# Вовед

Целта на оваа анализа е да даде информација за тоа колку граѓаните ја користат можноста да пријават кривични дела против нивните права и слободи, вклучително и избирачките права, колку јавното обвинителство гони за овие кривични дела по службена должност и како постапувале судовите во постапките поведени за овие кривични дела во последните пет години.

Потребата од изработка на ваква анализа произлегува од предизвиците со кои се соочува Република Македонија на полето на заштита на човековите права, а особено во врска со случувањата поврзани со разоткривање на изборни измами што се случувале во повеќе изборни процеси. Информациите во врска со изборните процеси што произлегоа од незаконско прислушкуваните аудиоматеријали и нерегуларностите од избирачкиот список, укажуваат на голем број извршени кривични дека против изборите и гласањето од страна на највисоките функционери од власта. Понатаму, во последно време сме сведоци на масовно прекршување на слободите и правата на човекот и граѓанинот, почнувајќи од неовластено прислушкување и тонско снимање и злоупотреба на личните податоци до спречување и смеќавање на јавен собир и малтретирање во вршење на службата. Дополнително, факт е дека ваков вид анализа досега не е изготвена од страна на ниедна релевантна институција или организација, па така нужноста за нејзино изготвување беше оправдана.

Целта на анализата е квантитативно да утврди колку граѓаните во периодот од 01.01.2010 до 31.05.2016 година се обратиле до институциите со цел заштита на своите права заштитени со Кривичниот законик. Исто така, анализата ќе покаже и квалитативни податоци за тоа колку институциите ефективно и ефикасно преземаат соодветни дејства и мерки согласно законите во вакви случаи.

# Методологија:

Со цел подготовка на анализата ќе бидат преземени следните дејства:

**1.Анализа на позитивното законодавство**

- Кратка анализа на одредбите од глава петнаесет – Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот и глава шеснаесет – Кривични дела против изборите и гласањето од Кривичниот законик на РМ;
- Кратка анализа на надлежноста на институциите за овие кривични дела.

**2.Собирање податоци за случаи од релевантните институции**

- Испратени барања за информации од јавен карактер до Министерството за внатрешни работи - МВР, што се однесуваат на број на кривични пријави поднесени од страна на граѓаните и од самото МВР до Основните јавни обвинителства - ОЈО за наведените кривични дела во последните пет години;
- Испратени барања за информации од јавен карактер до основните јавни обвинителства, што се однесуваат на број на кривични пријави поднесени до ОЈО од страна на граѓаните и од МВР за овие кривични дела, како и за број на поведени истражни постапки во последните пет години;
- Испратени барања за информации од јавен карактер до основните судови што се однесуваат на број на судски пресуди во последните пет години, како и предмети во тек за овие кривични дела;
- Испратени барања за информации од јавен карактер до Народниот правобранител - НП, што се однесуваат на барањата што НП ги доставил до надлежен јавен обвинител заради утврдување на кривична одговорност во случаи кога биле повредени уставните и законските права на подносителот на претставката; и
- Користење на јавно објавените податоци на Државниот завод за статистика-ДЗС.

**3.Анализа на прибраните податоци**

- Обработка на податоците добиени од страна на институциите по години, членови од законот и области;
- Статистичка обработка на податоците на годишно ниво;
- Анализа на податоците, детектирање практики и трендови и донесување препораки и заклучоци.

# А. КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛОБОДИТЕ И ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ

Основните слободи и права на човекот и граѓанинот се кренати на ранг на уставни категории, етаблирани како дел од темелните вредности на уставниот поредок. Тие не се креација на Уставот, некаков подарок од државата за граѓаните, туку тие денес се сметаат за вродени права на секое човечко битие и претставуваат наднационална категорија, заштитени со меѓународното право за правата на човекот. Државата е должна да ги почитува и да ги заштитува човековите права и слободи на сите лица под нејзина јуриздикција, независно дали се нејзини државјани или не.

Кривично-правната заштита на слободите и правата е бездруго еден од најефикасните облици на заштита, бидејќи содржи закана со казна доколку правата бидат повредени, загрозени или неосновано ограничени.[1] Кривично-правна заштита е обезбедена првенствено преку одредбите од Кривичниот законик, (во продолжение КЗ) во кој се инкриминирани дејствата со кои се повредуваат човековиот интегритет, личната сфера, приватноста и други основни слободи и права, а кои се преземени со цел да се стекне имотна корист или кои биле преземени поради други мотиви.

Сепак, казненото право е само дел од инструментариумот со кој државата ги штити човековите права, како ultima ratio обезбедува заштита на некои од основните индивидуални и општествени вредности.[2] Од тие причини, објект на заштита не претставуваат сите уставно загарантирани слободи и права, туку само оние што на денешниот степен на развитокот на општествените односи не можат да се обезбедат со други адекватни заштитни механизми.

Важни инкриминации за дела против човековите права и слободи има и во други глави на КЗ. Имено, повеќе глави од КЗ за свој основен или придружен заштитен објект имаат одделни основни слободи и права, на пример делата против животот и телото; против работните односи итн. Тоа кажува дека инкриминациите против слободите и правата на човекот и граѓанинот во Глава XV од КЗ ги опфаќаат повредите на личните, политичките и граѓанските слободи и права. Личните права ја опфаќаат сферата на слободите

[1]Види: Ѓ. Цаца, Гаранции и заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот во Република Македонија, Судиска ревија, бр. 2-3, 1995, стр. 75
[2]Види: В. Камбовски, Коментар на Кривичниот законик на РМ, Второ издание, Матица, Скопје, 2015, 371.

и правата на човекот како личност; покрај основната лична слобода на човекот како генерички израз за повеќе слободи и права, како што се: слободата на одлучување, слободата на движење итн., во оваа сфера влегуваат и правата на личноста, особено заштитата на приватната и на интимната сфера на човекот (правото на приватност, лична тајна, неповредливоста на станот, тајноста на писмата, како и тајноста на другите средства за социјално комуницирање). Втората група на политички и граѓански права и слободи на кои им се укажува казнено-правната заштита со одредбите од оваа глава, ги опфаќа – слобода на мислата, слободата на говор и јавно собирање, еднаквоста и рамноправноста на граѓаните.

Сите дела од Глава XV имаат карактер на дела на насилство, дела на присилно ограничување или лишување од определени слободи и права. Потежок, квалифициран вид имаат повредите на основните вредности што се вршат со злоупотреба на јавните овластувања од страна на службени лица. Поаѓајќи од поблискиот заштитен објект, се разликуваат неколку подгрупи на дела против слободите и правата: дела против еднаквоста на слободите и правата предвидени во член 137 и член 138; дела против слободите: член 139-144; дела против личните права, односно интимната сфера на луѓето предвидени во член 145-152; и дела против другите права: член 153-157-в.

**Повреда на рамноправноста на граѓаните (член 137)**. Всушност, право на рамноправност е правото на еднаквост на луѓето пред законите, поточно пред Уставот и законот. Политичко-јуристичката еднаквост на граѓаните подразбира, прво, сите граѓани еднакво да се третираат пред законот, што важи еднакво за сите без исклучок, и второ, законот ефективно да се применува еднакво кон сите граѓани од страна на сите државни органи или институции што вршат јавни овластувања.[3] Сите граѓани се еднакви пред законот и секој е во своите слободи и права ограничен со еднаквите слободи и права на другите. Уставот забранува дискриминаторско ограничување на слободите и правата.

Можен е стек на околности помеѓу ова дело и другите дела што се состојат во повреда на тие слободи и права.[4] Оваа инкриминација ги покрива сите облици на дискриминација утврдени во Рамковната одлука на Советот на министри на ЕУ 2008/913/JHA од 2008 година за спречување на одделни форми на изразување расизам и ксенофобија со средствата на казненото право; како особености на групата, таа ги издвојува во член 1: расата, бојата на кожата, род,

[3] Види: С. Шкариќ, Уставно право (VIII издание), Култура, Скопје, 2015, 467.
[4] Види кај: Камбовски, цит. дело, 734-735.

припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија и верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа, што е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор. Дејство на извршување на делото е одземање или ограничување на определени права или давање повластици. Делото е блиско на делото Предизвикување национална, расна или верска омраза, раздор или нетрпеливост (член 319) и Расна и друга дискриминација (член 417) и може да прерасне во некое од тие дела ако според интензитетот на дискриминацијата ги предизвика таму определените последици.

**Повреда на правото на употреба на јазикот и писмото – член 138.** Ова дело е специјален облик на повреда на рамноправноста на граѓаните и се состои во одземање или во ограничување на Уставот, со закон или со ратификуван меѓународен договор на правото на граѓаните на употреба на јазикот и писмото. Уставот на РМ (Амандман V) ја гарантира употребата на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо како службен јазик на целата територија на РМ и во нејзините меѓународни односи, како и употребата како службен на друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од населението, како што е определено понатаму со оваа уставна одредба. Условите за употреба на друг јазик се подетално уредени со посебен закон.[5]

Кај ова дело не е предвидено и привилегирање на друг како дејство на извршување. Одземањето или ограничувањето не се врши врз основа на разлика на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло итн. Ако ограничувањето или одземањето на правото на употреба на јазикот и писмото е извршено заради дискриминација врз тие основи, ќе се работи за повреда на рамноправноста на граѓаните, а не за ова дело.[6] Ова дело е умислено и извршителот може да биде кое било лице, а својството на службено лице е квалификаторна околност. За одговорност на правното лице е нужно исполнување на општите законски услови од член 28-а.[7]

**Противправно лишување од слобода – член 140.** Објект на заштита кај ова кривично дело е слободата и безбедноста на личноста, односно слободата на

[5] Закон за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа, „Службен весник на РМ“, бр. 101 од 13.08.2008 година.
[6] Исто, 736.
[7] Исто, 736.

движење, сфатена како лична слобода на одлучување за движење, како и фактичка можност за движење. Инкриминирани се актите на ограничување или одземање на слободата на одлучување што постои кај лице кое може да формира таква волја, како и ограничувањето на фактичката можност за движење на лице што инаку не е способно свесно да одлучува за тоа.

*Дејство на извршување* е секое дејство со кое се одзема или се ограничува слободата на движење.[8] Законот тука неосновано ги изедначува одземањето на слободата и ограничувањето на слободата на движење, разлика што е битна и јасно се прави во казненото процесно право и во правото и практиката на Европската конвенција за човековите права.[9] Дејството за извршување треба да биде противправно. Делото не постои ако едно лице доброволно се согласува да биде лишено од слобода. Освен тоа, постојат повеќе случаи определени со закон на допуштено лишување од слобода и спротивно на волјата на лицето (така, одредбите во ЗКП за притворот и другите мерки за обезбедување присуство на лица; прописите за органите за внатрешни работи и нивните овластувања во однос на ограничувањата на слободно движење на лица затекнати на местото на извршување на казненото дело итн.).

Субјективното битие на делото опфаќа умисла. Од друга страна, потешки облици се: извршување на основното дело при вршење на семејно насилство (став 2); сторување на делото од службено лице со злоупотреба на службената положба или овластување (став 4); и потешки облици (став 5 и 6) за кои како квалификаторни околности се предвидени: траењето на лишувањето од слобода – ако противправното лишување од слобода траело подолго од 30 дена; начинот на извршување – свиреп начин; последицата – ако поради делото е тешко нарушено здравјето на лицето – лишено од слобода или настапиле други тешки последици или тоа лице го загубило животот.

**Грабнување – член 141.** Делото е насочено против слободата на движење и слободата на одлучување, како и против основната лична слобода и достоинство на човекот. Меѓутоа, објектот на заштита не е механичкиот спој на овие слободи. Делото по своето значење ги надминува рамките на упад во основните слободи и прераснува во облик на загрозување на животот и на телесниот интегритет; затоа што сторителот како услов за ослободување на жртвата поставува често мошне тешки барања, поткрепени со закана со некое потешко зло.

8 Исто.
9 Види: Г. Калајџиев, Правична постапка, Докторска дисертација одбранета на Правниот факултет во Скопје, 2004

Дејство на извршување е грабнувањето. Под овој поим и неговата релација со грабнувањето, кражба на предмети, се подразбира засновање на фактичка власт врз едно лице, доведување на лицето во позиција да биде третирано како обичен предмет што сторителот може да го затвора, одведува и слично или, воопшто, да располага со човекот со полна власт на господар. За овој поим е карактеристична и посебната беспомошна, немоќна позиција на жртвата.

Објект на дејството е полнолетно лице, врз кое сторителот стекнува власт на различни начини: со употреба на сила, закана, измама или некое друго слично дејство. Состојбата на власт врз тоа лице сторителот ја користи како средство за присилба: самото грабнато лице нешто да стори, да не стори или да трпи, ако сака да биде пуштено на слобода или тоа да го стори некое трето лице како услов за ослободување на грабнатото лице.[10]

**Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување – член 142.** Делото е специјален облик на присилба. Тортурата е едно од неколкуте апсолутни човекови права од кои не е дозволено никакво дерогирање. За жал, и по неколку обиди, инкриминацијата на тортурата во нашиот КЗ е мошне несмасна и конфузна. Инкриминацијата ја прифаќа разликата и градацијата помеѓу тортурата (мачењето) и поблагите форми на нехуман, односно деградирачки третман, но само во насловот, а не и во законското битие (дејството на извршување и последиците), ниту ги градира со оглед на тежината на санкцијата.

Објективното битие на делото содржи неколку алтернативни дејства на извршување: со употреба на сила, закана или друго недопуштено средство или на недопуштен начин изнудување признание или изјава од обвинет, сведок, вештак или друго лице; предизвикување кај друг тешко телесно или душевно страдање за да го казни за казнено дело што го сторил или за кое е осомничен или да го заплаши или присили за откажување на некое негово право; предизвикување такво страдање поради каков било облик на дискриминација. Најчест облик на делото е изнудувањето признание или изјава во определена судска постапка. Покрај настапувањето на тешка телесна повреда, квалификаторна околност претставува и настапувањето „други тешки последици“, под што не се подразбираат телесни повреди, туку последици по слободите и правата на оштетениот (така, на пример, при продолжено мачење со долготрајно затворање, изнудување признание врз кое е засновано осудата

[10] Камбовски, 743-744.

на казна, што ја издржал оштетениот итн.). Можен е стек на околности со тешката телесна повреда на лицето што се сослушува; исто во однос на убиството. Поради односот на специјалитет исклучен е стекот на околности со делото Злоупотреба на службената положба (член 353).

**Малтретирање во вршење на службата – член 143.** Тој што во вршењето на службата малтретира друг, го застрашува, го навредува или, воопшто, кон него постапува на начин со кој се понижува човеково достоинство и човековата личност, ќе се казни со затвор од една до пет години. *Објект на заштита* е неповредливоста на интегритетот на човековата личност и човековото достоинство. Во постапувањето на службените лица во државните органи, граѓаните можат да бидат доведени во позиција да трпат различни последици од нивните своеволни постапки. Основа на оваа инкриминација е уставното начело на неповредливост на човековата личност и нејзиното достоинство. *Дејство на извршување* е сурово, нечовечно, недостоинствено постапување со друг во вршење на службата, што се движи до границата на нанесување на телесна повреда. Според интензитетот на непочитувањето на личноста и достоинството на пасивниот субјект, посебно е издвоено малтретирањето, застрашувањето, навредувањето, како и со генерална клаузула другите постапки што значат понижување на човековото достоинство и личност. Делото го врши лице во вршење на службата. Делото е извршено во вршење на службата и тогаш кога сторителот како службено лице е инаку овластен на преземање на определено службено дејство.[11]

**Загрозување на сигурноста – член 144.** Суштината на неправото на ова дело се состои токму во исфрлање на човекот од состојбата на психички мир и чувство на спокојство, всадување кај него страв, супституирање на споменатите чувства со спротивни чувства на несигурност, што сето доведува до реално ограничување на дострелот на користењето на личните слободи. Од друга страна, ова дело по својата природа е и „деликт – пречка“ во однос на други, потешки упади во основните права на човекот. *Дејство на извршување* е заканата насочена кон загрозување на сигурноста на друг. За разлика од таму употребениот поим на сериозна закана, тука таа е специфицирана со определување на злото што му се става во изглед на друго лице – дека ќе се нападне врз животот или телото (неговиот, нему блиско лице; не и врз имотот, честа, достоинството или други добра).

[11] Камбовски, цит. дело, 747.

**Нарушување на неповредливоста на домот – член 145.** Објект на заштита, оттука, не е самиот дом, деловен простор, односно другите простории како простори, имотна вредност, правото на сопственост или другите имотни права врз нив, туку личната слобода на поединецот и правото на спокојство во просторот во кој живее. Услови за постоење на потешкиот облик се: својство на сторителот како службено лице; и сторување на делото во вршење на службата, што претпоставува преземање дејство што влегува во рамките на службените овластувања на службеното лице. Делото се појавува како специјално дело во однос на злоупотребата на службената положба и овластување.[12]

**Противзаконско вршење претрес – член 146.** Кај ова дело се заштитува неповредливоста на домот, како и неприкосновеноста на човековото достоинство како вкупен израз за неговите основни и лични добра – честа, угледот и сл. Поаѓајќи од значењето на овие добра, ставот на РМ предвидува ограничување на правото на неповредливост на домот единствено со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување на казнени дела или заштита на здравјето на луѓето. *Дејство на извршување* е противзаконско претресување. Поимот на претресување е определен во процесните одредби што се однесуваат на претресувањето како процесно дејство, како и со посебните криминалистички правила за тоа како се врши претресувањето на просторија или лице. Претресувањето значи пребарување, преглед што секогаш претпоставува и воспоставување на физички контакт со објектот на претресувањето. Не претставува претресување обичното опсервирање, фотографирање и слично. Претресувањето е противзаконско кога се врши без судска наредба за претрес. Покрај тоа, претресувањето е противзаконско и ако не се почитувани процесните формалности за преземање на ова службено дејство (на претресот да присуствува и држателот на станот или друго лице кое има право да присуствува на претресот согласно Законот за кривична постапка-ЗКП, да се води записник, претресувањето да се случува преку ден и сл.).

**Повреда на тајноста на писма или други пратки – член 147.** Важноста на заштитата на слободата и тајноста на писмата и на другите облици на општење е потенцирана и во Уставот на РМ; само врз основа на одлука на суд може да се отстапи од начелото на неповредливост на тајноста на писмата, ако е неопходно за водење на казнена постапка или ако тоа го бараат интересите на безбедноста на републиката. Со ваквата уставна солуција е поставена

[12] Исто, 751-754.

релативна неповредливост на тајноста на писмата. Нивната апсолутна заштита би водела кон забрана за утврдување факти – релевантни за казнената постапка. Покрај овој општествен интерес од неповредливоста на тајноста на писмата се отстапува и пред друг интерес за заштита на безбедноста на земјата. Оваа одредба содржи повеќе облици на делото што меѓусебно се разликуваат според дејството на извршување.[13] *Објект на дејството* е туѓо писмо, телеграма, друго затворено писмо или пратка или обезбедена електронска пошта. Поимот писмо како поширок поим го опфаќа секое писмено соопштение што едно лице му го упатува на друго, без оглед на тоа дали е упатено преку пошта или на друг начин. Делото е довршено со отворањето на пратката или нејзино задржување, прикривање, уништување или предавање на друг. Не е нужно сторителот да ја сознал содржината на отвореното писмо, пратка или пошта.

**Соопштување и послужување со тајната.** Претпоставка за постоење на овој облик е сторителот претходно умислено или случајно да дошол до содржината на писмото или пратката. Намерата за прибавување корист или нанесување на друга штета е субјективен елемент на противправноста. Поради посебниот персонализиран објект на заштита – гонењето се презема по приватна тужба. Квалификаторна околност е својството на извршителот како службено лице. Исклучен е стекот на околности меѓу алтернативните облици на делото. Ако сторителот ги присвоил предметите што се наоѓаат во писмото или пратката, ќе се работи за стек на околности на ова дело и делото кражба; можен е стек на околности со делото проневера и послуга.

**Неовластено објавување на лични записи – член 148.** Објект на заштита е правото на приватност и интимната сфера на човекот загарантирано со уставот на РМ. Нејзината заштита, според Камбовски, претпоставува апсолутна слобода на поединецот да составува и да остава различни писмени записи на своите мисли, видувања на луѓе и настани, убедување и чувства, без страв дека тие би можеле да допрат до јавноста.[14]

*Дејство на извршување* е објавувањето на записот, неговото сторување – достапен на поширок, однапред неограничен круг лица. Објавувањето може да се состои во публикување, на пример на личниот дневник во дневниот печат во правењето на повеќе копии на писмо итн. Поради личниот карактер, гонењето на делото се презема по приватна тужба.[15]

[13] Види: Камбовски, цит. дело.
[14] Исто.
[15] Камбовски, цит. дело, 759.

**Злоупотреба на лични податоци – член 149.** Објектот на заштита на ова дело е сигурноста и тајноста на личните податоци загарантирана со Уставот и Законот за заштита на личните податоци од 2005 година. Заштитата на личните податоци е основа и за други слободи и права, што во современата информатичка ера стануваат објект на различни ограничувања. Прибирањето и обработката на лични податоци добива масовен и неконтролиран облик, а можностите за мрежно поврзување на различните бази на податоци ја минимизираат шансата на заштита на интегритетот на личноста.

Објект на дејството се лични податоци под што се подразбираат факти врзани за личноста, нејзините својства, особини, карактеристики, склоности итн. Поимот лични ги опфаќа и фактите што се однесуваат на семејните состојби и односи, како затворена сфера на приватност. Дејството на извршување е алтернативно определено: прибирање, обработување или користење.

Во став 2 е предвидено навлегувањето во компјутерски систем, каде што како објект на дејството кај овој облик на делото е компјутерски – информатички систем на лични податоци, при што може да се работи за јавен или за приватен информатички систем. Дејство на извршување е навлегувањето, пробивањето во системот, непосредно со личен пристап или преку информатичката мрежа. Делото е довршено со навлегувањето; не е потребно сторителот да почнал да ги користи податоците до кои се пробил.

Покрај Европската конвенција за човекови права - ЕКЧП, најзначајните *меѓународни акти* што ги поставуваат стандардите во областа на заштитата на личните податоци се: Конвенцијата за заштита на физичките лица, што се однесува на автоматската обработка на личните податоци на Советот на Европа, бр. 108/81, Дополнителниот протокол кон оваа конвенција во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоците, Директивата на ЕУ 95/46/ЕС за заштита на лицата во врска со обработка на лични податоци и слобода на пренос на таквите податоци, Упатствата за регулирање на компјутеризираните датотеки на лични податоци 45/95 и Препораката бр. (87) 15 на Комитетот на министри на Советот на Европа со која се регулира користењето на личните податоци во полицискиот сектор.

Заштитата на личните податоци првпат е предвидена во ЗКП, за што е внесена посебна Глава XV од ЗКП (член 139-143). На надлежните органи (јавното обвинителство, судот, полицијата и други органи со посебни овластувања) им е овозможено да ги собираат, да ги обработуваат и да ги дополнуваат личните податоци на поединците, меѓутоа под услов тие податоци да бидат важни за кривичната постапка и применети за потребите на конкретното кривично дело.

При собирањето и обработката на личните податоци за потребите на кривичната постапка, што го вршат судовите, обвинителството и другите органи со посебни овластувања, мора да се води сметка за тоа природата и обемот на податоците да се соодветни за целите на постапката и неопходни за потребите на конкретниот случај. Имено, во правните стандарди за заштита на лични податоци есенцијално е **начелото на неопходност.** Однапред одредената цел го ограничува обемот на личните податоци што можат да бидат собирани. Оној што ги собира личните податоци за понатамошна обработка, мора однапред да утврди дали секој од личните податоци што ги има на располагање е неопходен за исполнувањето на одредената цел. Во спротивен случај, личните податоци се преобемни. Ова значајно начело го ограничува обемот на личните податоци што можат да се собираат и да се обработуваат. Целта да се собираат и да се обработуваат колку што е можно помалку лични податоци, односно сите лични податоци што не се неопходни во однос на целта да не се собираат и да не се обработуваат.[16] Доколку во текот на обработката на личните податоци произлезе дека сите собрани лични податоци не се неопходни за соодветната цел, непотребните лични податоци мораат да се избришат (види подолу во коментарот за член 140 став 3). Преобемното собирање и обработка може да се случи доколку органите на постапката (т.н. „контролори“) собираат во кривичната постапка повеќе лични податоци отколку што е утврдено со закон.

Од значење за размената на податоците значаен е *Закон за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност* („Службен весник на РМ“, бр. 79/2013) *и погоре споменатиот Закон за национална криминалистичко разузнавачка база на податоци* („Службен весник на РМ“, 120/2009).

Со овој последниов се уредуваат востановувањето и функционирањето на **Националната криминалистичко-разузнавачка база на податоци**, обработката на податоците во базата, безбедноста на податоците во базата, користењето на базата за цели на соработка со странски субјекти и надзорот над функционирањето на базата. Оваа база се востановува во МВР како интегриран информациски систем. Базата претставува интегриран информациски систем што овозможува обработка и давање на користење податоци меѓу надлежните државни органи, како и размена со странски субјекти, со цел спречување и откривање на кривични дела согласно со закон.

[16] Л. Гундерман, З. Пандев, Коментар на Законот за заштита на личните податоци, Пропоинт: Скопје 2010; М. Поповска, Заштитата на личните податоци во кривичната постапка, Магистерски труд, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2011.

„Податоци“ во смисла на овој закон се лични податоци, податоци, информации и класифицирани информации што се однесуваат на активности што се предмет на криминалистичко-разузнавачки дејства на почнато или извршено кривично дело, односно кривично дело за кое постојат основи за сомневање дека се подготвува, како и други податоци, информации и класифицирани информации добиени со криминалистичко-разузнавачки дејства што се од значење за водење постапки со цел откривање и гонење сторители на кривични дела. „Криминалистичките досиеја“ се организирани збирки на податоци за одредени лица, кривично-правни настани или криминални појави, формирани врз основа на аналитички пристап на обработка на податоци.

Спорно е дали кругот на лицата за кои се собираат податоци во оваа национална база е во согласност со начелото на неопходност. Имено, согласно член 5, меѓу другото, се собираат лични и други податоци за: лица кои можат да бидат повикани во својство на сведок во судска постапка; лица поврзани со осомничени или сторители на кривични дела; оштетени, жртви или потенцијални жртви на кривични дела за кои се гони по службена должност и лица кои можат да обезбедат информации за почнато или извршено кривично дело, односно кривично дело за кое постојат основи за сомневање дека се подготвува.

**Спречување пристап кон јавен информатички систем – член 149-а**. Објект на заштита кај оваа инкриминација е правото на слободен пристап кон информациите и слободата на примање и пренесување информации загарантирано со Уставот на РМ. Јавните информатички системи се јавен сервис за сите граѓани, што подразбира нивна обврска да овозможат пристап во користењето на информациите со кои располагаат и пристап за пласирање информации со кои располагаат граѓаните.

Статусот на извршителот како службено или одговорно лице во правното лице е квалификаторна околност. Правното лице одговара за ова дело под општите законски услови за негова одговорност (член 28-а) од КЗ.

**Неовластено откривање тајна – член 150**. Објект на заштита на ова дело во прв ред е интимната сфера на човекот, правото на приватност загарантирано со Уставот на РМ, како и интересот на непречено вршење на определени професии, како што е лекарската, адвокатската и други што претпоставуваат постоење однос на целосна доверба со корисниците на услугите.

Дејство на извршување е откривање тајна; тоа е секое дејство со кое се овозможува определени факти што претставуваат тајна за едно лице да допрат до трето, неповикано лице. Објект на дејството е тајна сознаена во вршењето на професијата. За одговорност е потреба умисла. Извршителскиот круг, покрај во законот изречно наведените лица, опфаќа и други лица што во вршењето на својата професија допираат до некои лични тајни на своите клиенти. Како што е определено, гонењето се презема по приватна тужба.[17]

**Неовластено прислушкување и тонско снимање – член 151**. Дејство на извршување е прислушкувањето, под што се подразбира сознавање на содржината на разговор или изјава што не му е наменета на сторителот со употреба на посебни уреди. Поимот на прислушкување имплицира тајност, прикриеност во постапувањето на сторителот. Посебни уреди употребени за прислушкување можат да бидат за тоа наменети или приспособени средства со кои се допира до разговор или изјава, што инаку не можат да се чујат. Во став 2 од овој член се работи за инкриминација на понатамошно проширување на содржината на разговорот или на изјавата. Претпоставка за ова дело е разговорот или изјавата да се неовластено прислушкувани или тонски снимени, да се работи за презентирање на материја што е резултат на претходното дело.

Во став 3 од овој член се содржани два облика на делото: Тонско снимање на изјава што му е наменета на сторителот, без знаење на оној што ја дава, со намера сторителот да ја злоупотреби или да ја пренесе на трети лица и непосредно пренесување на таква изјава врз трети лица.

**Неовластено снимање – член 152**. Неповредливоста на личниот и семејниот живот е заштитена од **неовластено снимање** инкриминирано како кривично дело во член 152. Делото може да се изврши преку правење на фотографски, филмски или видеоснимки на друго лице или на неговите лични простории, со што се повредува неговата приватност. Делото постои и доколку таквите снимки непосредно се пренесуваат, се покажуваат или на друг начин му се овозможува на трето лице да се запознае со нив. Притоа, потребно е лицето да не дало согласност за снимањето. Ова е комплексно кривично дело од аспект на сферите на приватност што можат да бидат засегнати (повредени) при неговото извршување. Значи, освен приватноста на личниот и семејниот живот, со неовластено снимање може да се повреди и приватноста на домот

[17] Камбовски, цит. дело, 763-765.

или друг приватен простор, како и правото на тајност на непосредните комуникации. Покрај отсуството на согласност на оштетениот и на други, во законските прописи изречно определени случаи на фотографирање без негова согласност, елементот на неовластеност е дополнет со посебното обележје на *повредата на неговата приватност*.[18] Според Камбовски, остварувањето на тоа обележје е препуштено на комплексна оцена, што посебно треба да се потпре врз важноста на фактите што се предмет на регистрација.

**Повреда на правото на поднесување на правно средство – член 153**. Објект на заштита на ова дело е уставно загарантираното право на жалба и на друго правно средство. Поднесувањето жалба или друго правно средство против првостепените судски или управни одлуки е гаранција за остварување на слободите и правата на граѓанинот, што се засегнати со таквата одлука. Дејство на извршување на основното дело е примената на сила или сериозна закана.

**Спречување на печатење и растурање на печатени работи – член 154**. Објект на заштита на ова дело е слободата на информирање. Делото има два облика, поврзани со карактерот на материјалот што се публикува: спречување на печатење, продажба или растурање на печатени работи; и спречување на емитирање продажба или растурање на снимен материјал. Дејството на извршување на вториот облик опфаќа какво било противправно спречување на емитирање, продажба или растурање.

**Спречување или смеќавање на јавен собир – член 155**. Дејство на извршување на основниот облик е спречувањето или попречувањето на свикување или одржување на јавен собир со сила, сериозна закана, измама или друг начин. Својството на извршителот како службено лице му дава дело на квалификуван облик.

**Повреда на правото на штрајк – член 156**. Дејство на извршување на основниот облик е одземањето или ограничувањето на правото на штрајк со сила или сериозна закана. Својството на извршителот како службено лице му дава на делото квалификуван облик.

**Повреда на авторско право и сродни права – член 157**. Дејство на извршување е неовластеното, во свое име или во име на друг, објавување, прикажување, репродуцирање, дистрибуирање, изведување, емитување или

[18] Повеќе кај Камбовски, цит. дело.

на друг начин неовластено посегање по туѓо авторско право или сродно право, односно авторско дело, изведба или предмет на сродно право. Одредбата разликува неколку потешки облици, во зависност од начинот во извршувањето и прибавената корист, што инаку не е конститутивен елемент на основното дело.

**Повреда на правото на дистрибутерот на технички посебно заштитен сателитски сигнал – член 157-а**. Ова дело има два појавни облика. Дејство на извршување на првиот облик е неовластено производство, увоз, дистрибуција, најмување или на друг начин ставање на располагање на јавноста технички посебно заштитен сигнал без одобрение на овластениот дистрибутер. Вториот облик за дејство на извршување го има давањето услуги на поставување на материјален или нематеријален уред или систем заради пробивање на таков сигнал.

**Пиратерија на аудиовизуелно дело – член 157-б**. Објект на заштита на основното дело е правото на филмскиот продуцент или овластениот дистрибутер на кој филмскиот продуцент му го пренел своето право на аудиовизуелното дело да произведува, увезува, репродуцира, дистрибуира, складира, најмува, пушта во промет или на друг начин става на располагање на јавноста такво дело. Потежок облик на делото постои ако сторителот прибавил значителна имотна корист или предизвикана е значителна штета.

**Пиратерија на фонограм – член 157-в**. Објект на заштита на основното дело е правото на производителот на фонограм или на здружението за колективно остварување на правата на производителите на фонограми да произведуваат, увезуваат, репродуцираат, дистрибуираат, складираат, најмуваат, пуштаат во промет или на друг начин ставаат на располагање на јавноста фонограми.

## Б. Кривични дела против изборите и гласањето

Кривичните дела против изборите и гласањето од осамостојувањето наваму претрпеа поголем број измени и дополнувања.[19] Во првиот период по осамостојувањето инкриминациите беа со силни рецидиви од поранешното социјалистичко законодавство. Така, на пример, делата сè уште беа систематизирани во рамките на главата за кривичните дела против самоуправувањето (член 70-77). Групниот објект на заштита на заштита е изборниот систем, како составен дел – потсистем од уставниот и политичкиот систем.[20] Инкриминациите во тој прв период по осамостојувањето беа следните: „Повреда на избирачкото право" (член 70); „Повреда на слободата за определување на избирачите" (член 71); „Уништување исправи" (член 72); „Повикување одговорност поради гласање" (член 73); „Злоупотреба на правото на глас" (член 74); „Загрозување и попречување на изборите" (член 75); „Повреда на тајноста на гласањето" (член 76) и „Фалсификување на резултатите од изборите и гласањето" (член 77).

Оттогаш кривичните дела се издвоија во посебна глава и доживеаја сериозни измени и дополнувања во повеќе наврати. Кривичниот законик на РМ сега предвидува десет кривични дела против изборите и гласањето што се систематизирани во посебна глава (шеснаесетта): „Кривични дела против изборите и гласањето". Заеднички објект на заштита на делата од оваа глава е изборниот систем како збир од принципи и процедури со кои треба да се обезбедат слободни, непосредни, тајни и демократски избори, што е темелна вредност на уставниот поредок (член 8). Во таа смисла, објект на заштита на овие кривични дела е гарантирање на активното и пасивното избирачко право, односно еднаквото, општото и непосредно избирачко право, како и правото на секој граѓанин да учествува во вршењето на јавна функција.[21]

Ние, за потребите на проектот, ќе ги разгледаме промените од последните петнаесетина години. Во 2004 година, заради зачестеноста на кривичното дело „Спречување избори и гласање" (член 158), се изврши градуирање на ова кривично дело преку предвидување на наведените начини на извршување на делото како квалификаторен облик за кои се предвиде построга казна. Поради зачестеноста на кривичните дела против изборите и гласањето во целиот период од осамостојувањето, законодавецот во 2006 година,[22] под притисок на

[19] Види: М. Каневчев, Одговорност за кривични дела против изборниот систем, во: Ѓ. Марјановиќ (ур.), Зборник во чест на Љупчо Арнаудовски, Скопје, 1995, стр. 243-265.
[20] Исто, стр. 252
[21] Види: А. Чичаковски, Ефикасноста во постапувањето по кривичните дела против изборите и гласањето, Магистерски труд одбранет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 2015, стр. 6.

јавноста, без некоја посериозна анализа и расправа се одлучи за драстично заострување на кривичните санкции кај овие кривични дела. Некои од кривичните дела претрпеа измени и во описите на законските битија на кривичните дела, а се предвиде и нов член 165-а со кој се воведе ново кривично дело: „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборна кампања“. Со измените извршени во 2009 година,[23] казна за сторено дело „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборна кампања“ се предвиде и за одговорното лице или за носителот на изборната кампања, како и за физичкото и правното лице кое незаконски донира средства за изборна кампања. Воедно, се предвиде и задолжително изрекување на казната „забрана за вршење на професија, дејност или должност“ за кривичните дела против изборите и гласањето (член 165-б). Со измените и дополнувањата во 2009 година, поради заостренитe казни и опфатот со генералната одредба за казнивост за извршување на делото во обид, се избришаа одредбите со кои беше предвидено дека е казнив обидот за извршување на кривичните дела: „Повреда на избирачкото право“ (член 159), „Повреда на слободата на определување на избирачите“ (член 160) и „Злоупотреба на избирачкото право“ (член 161), а во исто време законодавецот ја релаксираше казнената политика за кривичното дело „Поткуп при избори и гласање“ (член 162), на начин што предвиде дека кога стекнатата корист од поткупот е од помала вредност, сторителот да се казни со парична казна или со затвор до една година. Исто така, се изврши интервенција во кривичното дело „Уништување на изборни исправи“ (член 164), така што како потежок облик на основното дело се предвидоа случаите кога делото е сторено од група, со употреба на оружје или со насилство.[24]

Со измените и дополнувањата на Кривичниот законик од 2011 година[25] за кривичните дела против изборите и гласањето сторени од политичките партии се предвидува задолжително изрекување на споредната казна „забрана за користење средства за финансирање на политички партии од Буџетот на РМ“.[26] Заради усогласување на КЗ со измените и дополнувањата на Изборниот законик и соодветно адресирање на препораките од ОБСЕ/ОДИХР во 2014 година[27] се предвиде нов член 165-в со кој се воведе ново кривично дело: „Противзаконско располагање со буџетски средства за време на избори“. Со новото кривично дело се инкриминираат противзаконското почнување

[22] Службен весник на РМ“, бр. 73/2006.
[23] „Службен весник на РМ“, бр. 114/2009.
[24] Види: А. Чичаковски, op. cit.
[25] „Службен весник на РМ“, бр. 51/2011.
[26] Види: А. Чичаковски, op. cit.
[27] „Службен весник на РМ“, бр. 14/2014.

изградба на објекти за време на избори, противзаконско исплаќање плати, пензии, субвенции, социјална помош за време на избори, противзаконско организирање на јавен настан по повод почнување изградба или пуштање во употреба на објектот за време на избори, како и необјавувањето на посебна база за буџетски трошоци со сите буџетски исплати, освен редовните плати, пензии и комунални трошоци, како и преглед на сите планирани и реализирани приходи и расходи од Буџетот по ставки, во периодот од почетокот на фискалната година до денот определен во Изборниот законик за поднесување на извештајот.

**Спречување избори и гласање (член 158 од КЗ)**. Објект на заштита претставува постапката за гласање и постапката за броење и сумирање на резултатите од гласањето со цел обезбедување услови за слободно изразување на волјата на избирачите при гласањето на изборите, како и обезбедување услови за непречена работа на изборните тела што се грижат за спроведување на изборите и гласањето. Дејството на извршување се остварува со употреба на сила, сериозна закана или на друг начин со кој се оневозможува или се спречува спроведувањето на постапката на гласањето, како прва алтернатива, или оневозможување или спречување на утврдувањето или објавувањето на резултатите од гласањето, како втора алтернатива. За постоење на делото не е нужно да настане последица неодржување или прекин на гласањето или неутврдување на резултатите, туку делото се остварува со оневозможувањето или со спречувањето, што може да остане и неуспешно. Пропишаната казна значително е заострена во 2006 година на казна затвор од најмалку три години. Како квалифициран облик на основното дело, што се казнува со казна затвор од најмалку пет години, е сторување на ова дело со употреба на оружје, експлозивни или други опасни направи или со примена на насилство кон две или повеќе лица. Како квалифициран облик се смета и ако ова дело е сторено од страна на организирана група или ако ваквото спречување на изборите се врши на две или на повеќе избирачки места.[28]

[28] Види: А. Чичаковски, op. cit.

**Повреда на избирачкото право (член 159 од КЗ).** Објект на заштита е активното и пасивното избирачко право, што се заштитува од незаконски дејства со кои се оневозможува регистрирање на избирачко право или кандидирање за одредена изборна функција. Дејството на извршување на делото од став 1 е определено алтернативно: прво, со несторување: одбегнување на законската обврска за запишување гласач(и) во избирачкиот список или потврдување кандидат или кандидатска листа, со намера да му се оневозможи вршење на избирачкото право; второ, со сторување: со бришење на едно лице од избирачкиот список или од листа на кандидати или непотврдување на кандидатска листа, со намера да му се оневозможи да го врши со Уставот загарантираното избирачко право; трето, се работи за генерална клаузула што ги покрива сите други начини на лишување на избирачот од избирачките права.[29] Дејството на извршување на делото од став 2 е овозможување на противзаконски начин од страна на член на изборен орган, користење на избирачко право (внесување на избирачки список или на листа на кандидати) на лице за кое знае дека нема такво право. Пропишаната казна за делата од став 1 и 2 е затвор од најмалку три години. Намерата е конститутивен елемент на законското битие на кривичното дело. Исто така, потребно е кај сторителот да постои свест за противправноста на неговото поведение. Конститутивен елемент од законското битие на ова кривично дело е и посебното (службено) својство на сторителот.[30]

**Повреда на слободата на определување на избирачите (член 160 од КЗ).** Објект на заштита на оваа инкриминација е слободата на определување при одлучување за тоа дали и како ќе се користи избирачкото право. Дејството на извршување од став 1 се состои во употреба на сила, сериозна закана, измама или на друг начин одземање или ограничување на слободата на определување при одлучувањето за тоа дали и како ќе го користи избирачкото право. Со став 2 е инкриминиран потешкиот облик што постои, ако делото го стори член на изборен орган или друго службено лице во врска со изборите. Пропишаната казна за потешкиот облик на делото е затвор од најмалку пет години. Субјективна страна на делото се состои во умисла и не е потребна посебна намера или мотив на сторителот.

**Злоупотреба на избирачкото право (член 161 од КЗ)**. Објект на заштита е правото на глас што е неотуѓиво лично право на граѓаните, што значи дека ова

[29] Види: М. Канавчев, Кривично правна заштита на изборниот систем, Докторска дисертација одбранета на Правниот факултет во Скопје, 1996, стр. 179.
[30] Види: А. Чичаковски, op. cit.

право не може да се врши преку друг, туку само од страна на лицето на коешто му припаѓа.[31] Делото има два облика: а) гласање наместо друг и б) гласање повеќе од еднаш.[32]

**Поткуп при избори и гласање (член 162 од КЗ).** Објект на заштита е изборниот систем што бара слободно и непристрасно определување на избирачите. Во став 1 и 2, инкриминирано е активното и пасивното поткупување. Поткупот се дава, односно прима, заради вршење, неовршење или како да се врши избирачкото право. Пропишаната казна за двата облика на делото е казна затвор од најмалку пет години. Привилегирано е делото кога корист е од помала вредност и сторителот се казнува со парична казна или со затвор до една година. Активното поткупување се состои во нудење, давање или ветување подарок или друга корист, на лице со избирачко право, со намера да се придобие да го врши, да не го врши или како да го врши избирачкото право. Пасивното поткупување го чини лице со избирачко право кое ќе бара или ќе прими, за себе, подарок или друга корист, за да го врши, да не го врши или како да го врши избирачкото право.

**Повреда на тајноста на гласањето (член 163 од КЗ).** Дејство на извршување е секое дејство со кое се повредува тајноста, било на гласањето, било на неговите резултати. Во став 1 е инкриминирана повредата на тајноста при избори и гласање и предвидена е казна затвор од најмалку три години, додека во став 2 потешко се казнува со казна затвор од најмалку пет години член на изборен орган кој ќе ја повреди тајноста при избори или гласање. Во став 3 е предвидено казна еднаква за делото од став 2 за тој што со употреба на сила, сериозна закана, искористување на службена, работна или економска зависност и на друг начин, ќе издејствува од друг да каже дали или како гласал. Дејство на извршување е принудување од лице со избирачко право да открие дали или како гласало. Делото нема да постои, ако некој без никаква присилба или работна или економска зависност, доброволно соопшти дали или како гласал.[33]

**Уништување на изборен материјал (член 164 од КЗ).** Објект на заштита на ова кривично дело е интегритетот на постапката врз основа на која се одвива постапката на гласањето и сумирањето на резултатите. Смислата на оваа инкриминација е да се обезбеди сигурност и веродостојност на изборниот

[31] Види: М. Канавчев, докторска дисертација, стр. 179.
[32] Види: А. Чичаковски, op. cit.
[33] Види: А. Чичаковски, op. cit.

материјал, преку предупредување и спречување дејства насочени кон оневозможување на гласањето и утврдувањето на резултатите од гласањето. Дејството на извршување е дадено алтернативно, преку определување на последицата од делото: уништи, прикрие, оштети, преправи или на друг начин ќе стори да биде неупотреблива исправа, книга или спис што служи за изборите или гласањето. Потежок облик на основното дело е службеното својство на сторителот и во случаите кога делото е сторено од група, со употреба на оружје или насилство.[34]

**Изборна измама (член 165 од КЗ).** Објект на заштита е законитоста и објективноста во спроведувањето на гласањето, утврдувањето, односно објавувањето на изборните резултати. Резултатите од спроведените избори мораат да бидат одраз на вистинската волја на гласачите. Дејство на извршување на ова кривично дело претставува и менувањето на бројот на гласовите при пребројувањето или при објавувањето на резултатите од изборите или гласањето со додавање или одземање на еден или повеќе гласови. Субјективната страна на делото се состои во тоа што како сторител може да се јави само член на изборен орган, што при пребројувањето или сумирањето на резултатите од гласањето ќе го измени бројот на дадените гласови со додавање или одземање на едно или повеќе гласачки ливчиња. За одговорност е потребна умисла.[35]

**Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања (член 165-а од КЗ)**. Ова е нова инкриминација воведена со измените од 2006 година. Објект на заштита на ова кривично дело е принципот на еднаквост меѓу организаторите на изборната кампања, транспарентноста и контролата над финансирањето на изборната кампања. Дејството на извршување на кривично дело од став 1 е дадено алтернативно, така што делото се врши: со непријавување извор на финансии; преку спречување надзор над трошењето на планираните средства; со неподнесување на финансиски извештај за потрошените средства; кога организаторот на изборна кампања ќе ги пречекори законските ограничувања на дозволените лимити на средства; кога ќе користи недозволени средства за исплата на изборна кампања и кога ќе врши разни исплати спротивни за целите на кампањата или на друг начин го злоупотреби овластувањето на организатор на кампањата. Пропишаната казна е затвор од најмалку пет години.[36]

---

[34] Види: А. Чичаковски, op. cit.
[35] Исто.
[36] Исто.

**Противзаконско располагање со буџетски средства за време на избори (член 165-в од КЗ)**. Објект на заштита претставува принципот на еднаквост меѓу организаторите на изборна кампања што се заштитува од злоупотребите на буџетските средства и на јавните ресурси заради фаворизирање на одреден(и) кандидат(и). Целта е да се разграничат дејствата на изборната кампања, од редовните државни активности на носителите на јавни функции и оневозможување на нивна злоупотреба. Конститутивен елемент од законското битие на ова кривично дело е посебното (службено) својство на сторителот како носител на јавна функција. Дејство на извршување на делото од став 1 е противзаконско почнување изградба на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности, училишта, градинки или други објекти, за време на избори. Субјективна страна: делото може да го изврши само носител на јавна функција. Објект на заштита се средствата од Буџетот, јавните фондови, средствата на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти од злоупотреби во периодот на избори за стекнување предност на одреден(и) кандидат(и). Пропишаната казна е затвор од шест месеци до една година.

Потежок облик на кривичното дело е предвидено во став 2, а квалификаторниот облик е можноста за директно влијание врз изборот на гласачите со злоупотребите на буџетските средства што се инкриминирани со став 2 од делото. Дејство на извршување на делото од став 2 е противзаконско исплаќања плати, пензии, субвенции, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавни фондови што не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери или отуѓување на државен капитал или потпишување на колективни договори. Објект на заштита се буџетските средства или од средствата на јавните фондови од злоупотреби за време на избори.

Дејство на извршување на делото од став 3 е противзаконско организирање, одржување на јавен настан по повод почнување изградба или пуштање во употреба на објектот со средства од Буџетот или од јавни фондови или со средства од јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал, во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности, училишта, градинки и други објекти. Пропишаната казна за делото од став 3 е затвор од шест месеци до една година.

Дејство на извршување на делото од став 4 е необјавување на интернет-страница во посебна база за буџетски трошоци сите буџетски исплати, освен редовните плати, пензии и комунални трошоци. Делото може да го изврши само министерот за финансии.

Дејство на извршување на делото од став 5 е неподнесување на предизборен финансиски извештај на интернет-страницата на Министерството за финансии две недели по распишување на изборите во кој ќе биде опфатен преглед на сите планирани и реализирани приходи и расходи од Буџетот по ставки, во периодот од почетокот на фискалната година до денот на поднесување на извештајот. Делото може да го изврши само министерот за финансии.[37]

[37] Види: А. Чичаковски, op. cit.

# ПРИКАЗ И АНАЛИЗА НА ОБРАБОТЕНИ ПОДАТОЦИ

Во прилог се графичките прикази на обработени податоци од добиените информации од јавен карактер од 15 обвинителства (од вкупно 22) и 20 судови (од вкупно 26) за:

- број на поднесени кривични пријави, во периодот од 2010 до 2016 година, врз основа на членовите од Глава XV – Кривични дела против слободите правата на човекот и граѓанинот, и Глава XVI – Кривични дела против изборите и гласањето;

- број на поведени истражни постапки, број на поднесени обвинителни предлози, број на поднесени обвинителни акти;

- број на донесени одлуки од страна на судовите.

## ПРИЈАВИ по Глава XV од Кривичен законик, Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот (член 137 до член 157-в)

### 1.МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ




***Графикон бр. 1***

Во графиконот бр. 1 прикажани се податоци за бројот на пријави МВР по одделни кривични дела од Глава XV од Кривичниот законик – Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот од член 137 до член 157-в, за 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година.

Најголем број пријави се за кривичното дело од член 144 – „Загрозување на сигурноста“, и тоа со одржливи бројки од 400 до 900 пријави на годишно ниво. За дел од кривичните дела нема ниту една пријава, а меѓу нив се кривичните дела од член 138 – „Повреда на правото на употреба на јазикот и писмото“, член 150 – „Неовластено откривање тајна“, член 153 – „Повреда на правото на поднесување на правно средство“, член 154 – „Спречување на печатење и растурање на печатени работи“, член 155 – „Спречување или смеќавање на јавен собир“ и од член 156 – „Повреда на правото на штрајк“.

Меѓу кривичните дела што имаат само неколку пријави се кривичните дела од член 137 – „Повреда на рамноправноста на граѓаните“ (една пријава во 2014 година), член 142 – „Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување“ (девет пријави во 2010 година, три пријави во 2013 година и две пријави во 2014 година), член 146 – „Противзаконско вршење претрес“ (една пријава во 2013 година и една пријава во 2016 година), член 147 – „Повреда на тајноста на писмата или други пратки“ (една пријава во 2012 година), член 148 – „Неовластено објавување на лични записи“ (една пријава во 2013 година), член 151 – „Неовластено прислушкување и тонско снимање“ (една пријава во 2015 година) и член 157-в – „Пиратерија на фонограм“ (две пријави во 2010 година).

Во дијаграмот подолу е прикажан вкупниот број на пријави во МВР збирно за сите години одделно по кривично дело за подобар визуелен приказ.



## 2. ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО СКОПЈЕ




***Графикон бр. 2***

Во графиконот бр. 2 прикажани се податоци за бројот на пријави од страна на граѓани и од страна на МВР по одделни кривични дела од Глава XV од Кривичниот законик – Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот од член 137 до член 157-в, за 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година во Основното јавно обвинителство Скопје (во продолжение ОЈО Скопје).

Според прикажаните податоци (но, и од државните статистики прикажани подолу) евидентно е дека најголем број пријави низ годините се за кривичното дело од член 144 – „Загрозување на сигурноста“, со тенденција на пораст на пријавите за ова кривично дело. Единствено во 2013 година е забележано битно опаѓање на бројот на пријави за ова кривично дело. Од друга страна, за одделни кривични дела нема ниту една пријава низ годините меѓу кои се кривичните дела од член 138 – „Повреда на правото на употреба на јазикот и писмото“, член 146 – „Противзаконско вршење претрес“, член 147 – „Повреда на тајноста на писмата или други пратки“, член 148 – „Неовластено објавување на лични записи“, член 150 – „Неовластено откривање тајна“, член 151 – „Неовластено прислушкување и тонско снимање“, член 152 – „Неовластено снимање“, член 154 – „Спречување на печатење и растурање на печатени работи“, член 155 – „Спречување или смеќавање на јавен собир“, член 156 –

„Повреда на правото на штрајк“ и од член 157-в – „Пиратерија на фонограм“, а за некои кривични дела има само по една или неколку пријави, како што се кривичните дела од член 137 – „Повреда на рамноправноста на граѓаните“ (четири пријави во 2013 година и една пријава во 2014 година), член 139 – „Присилба“ (една пријава во 2015 година), член 142 – „Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување“ (по една пријава во 2010, 2011 и 2012 година и две пријави во 2015 година), член 145 – „Нарушување и неповредливост на домот“ (по две пријави во 2011, 2012 година и 2013 година), член 153 – „Повреда на правото на поднесување правно средство“ (една пријава во 2014 година и две пријави во 2015 година), член 157-а – „Повреда на правото на дистрибутерот на технички посебно заштитен сателитски сигнал“ (една пријава во 2010 година).

Ваквите податоци укажуваат на тоа дека граѓаните најчесто ги пријавуваат случаите кога им е загрозена сигурноста. За кривичните дела од член 140 – „Противправно лишување од слобода“ и од член 141 – „Грабнување“, исто така, има поголем број пријави во однос на другите кривични дела, особено од страна на МВР.

Целосното отсуство на пријави за некои кривични дела број е зачудувачки, ако се земе предвид дека некои појави се сметаат за многу критични, како што е примерот со неовластеното прислушкување, што е нотопрно познат проблем со години наназад, нотиран неодамна и во т.н. Извештај на Прибе, проблемот со рамноправноста на јазиците на кој се сензитивни националните малцинства, односно заедниците или, пак, проблемот со тортурата и малтретирањето во службата, што е нотиран во серија извештаи за повреда на човековите права на домашни и меѓународни органи и организации, но и пресуди на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Збунува податокот дека бројот на поднесени кривични пријави според податоците на Државниот завод за статистика (во продолжение ДСЗ) се многу поголеми. Така, вкупниот број на пријавени за кривични дела против слободите и правата за 2015 година, според службените статистики, бил 534 лица, а за делата против изборите само четири лица. Во 2014 година, ситуацијата исто така е слична, односно различна со бројките добиени преку обвинителствата, и изнесува 429 пријавени за дела против слободите и правата и повторно само четири против изборите. Во 2013 година, пак, имаме 583 пријавени за дела против слободите и правата, но дури 38 против изборите. Иако податоците што ги собравме не се комплетни, со оглед на тоа

што некои обвинителства и судови не доставија податоци, навидум тешко дека може да се објасни оваа голема разлика во податоците (повеќе од двојно)! Веројатно, разликата во бројките е поради тоа што државните статистики се однесуваат на пријавени сторители, а податоците добиени директно од органите на наше барање се однесуваат на пријави на случаи, па така во еден случај може да има пријавено двајца или повеќе сторители. Токму затоа, како што ќе видиме, тенденциите се речиси исти и според двата извора на податоци.

Инаку, од статистичките податоци на ДЗС можат да се извлечат и некои податоци и заклучоци што не се можни од нашите собрани податоци, бидејќи податоците (бројките) за анализираните кривични дела можат да се споредат со податоците и бројките за другите групи на кривични дела, како и со вкупните податоци за движењето на криминалот и за ефикасноста на органите на откривање и гонење и на судовите.

Така, на пример, за разлика од другите кривични дела каде што има константен пораст на пријавени кривични дела, тоа не е случај така изразено кај делата против слободите и правата, додека, сосема разбирливо, бројот на дела против изборите варира согласно динамиката на изборните циклуси.

Бројот, пак, на пријавени непознати сторители кај овие дела е мал, споредено со другите кривични дела. Така, во 2014 година, од вкупно 534 пријавени кај делата против слободите непознати биле само 40, а во 2014 година од 429 пријавени непознати биле само 20! Кај другите групи на кривични дела бројот на непознати е многу поголем и изнесува повеќе од 60%, со тенденција за пораст од година во година.

## Табела 1:
## Пријавени полнолетни лица според кривичното дело, видот на одлуката и полот

| | Вкупно | Познати сторители | | | | | | Вкупно непознати сторители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно познати сторители | Жени | Вид на одлуката | | | | |
| | | | | Отфрлена пријава | Прекината истрага | Запрена истрага | поднесен обвинителен предлог | |
| Вкупно | 26.069 | 15.408 | 1.561 | 6.105 | 12 | 237 | 9.054 | 10.661 |
| **Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | | | | | | | | |
| Вкупно | 534 | 490 | 42 | 201 | | | 284 | 44 |
| Повреда на авторско право и сродни права | 9 | 9 | 2 | 2 | | | 7 | |
| Присилба | 5 | 5 | 1 | 5 | | | | |
| Противправно лишување од слобода | 20 | 19 | | 11 | | | 8 | 1 |
| Грабнување | 22 | 12 | 1 | 1 | | | 11 | 10 |
| Малтретирање во вршење на службата | 31 | 27 | 3 | 13 | | 4 | 10 | 4 |
| Загрозување на сигурноста | 378 | 367 | 24 | 141 | | | 226 | 11 |
| Повреда на правото на дистрибутерот на технички посебно заштитен сателитски сигнал | 3 | 3 | | 1 | | | 2 | |
| Друго | 66 | 48 | 11 | 27 | | 1 | 20 | 18 |
| **Кривични дела против изборите и гласањето** | | | | | | | | |
| Вкупно | 4 | 4 | | 4 | | | | |
| Повреда на избирачко право | 2 | 2 | | 2 | | | | |
| Изборна измама | 1 | 1 | | 1 | | | | |
| Друго | 1 | 1 | | 1 | | | | |

Извор: Државен завод за статистика (www.stat.gov.mk)

## 3. ПОСТАПКИ ПРЕД ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1 – СКОПЈЕ




***Графикон бр. 3***

Во графиконот бр. 3 прикажани се податоци за **бројот на заведени предмети** во Основниот суд Скопје 1 – Скопје по одделни кривични дела од Глава XV од Кривичниот законик – Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот од член 137 до член 157-в, за 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година. Според прикажаните податоци евидентно е дека најголем број на судски постапки се воделе за кривичното дело од член 144 – „Загрозување на сигурноста“. За некои кривични дела нема ниту една поведена постапка, од што може да се заклучи дека нема поднесени обвинителни акти, односно предлози. Такви се кривичните дела од член 138 – „Повреда на правото на употреба на јазикот и писмото“, член 150 – „Неовластено откривање тајна“, член 153 – „Повреда на правото на поднесување на правно средство“, член 154 – „Спречување на печатење и растурање на печатени работи“, член 155 – „Спречување или смеќавање на јавен собир“ и од член 156 – „Повреда на правото на штрајк“.

# 4. ДРУГИ ОСНОВНИ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА




***Графикон бр. 4***

Во графиконот бр. 4 прикажани се податоци за бројот на пријави од страна на граѓани и од страна на МВР по одделни кривични дела од Глава XV од Кривичниот законик – Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот од член 137 до член 157-в, за 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година. Податоците се однесуваат на пријави евидентирани во другите основни јавни обвинителства во Република Македонија без Скопје, поточно јавните обвинителства кои водат ваков тип евиденција и кои доставија податоци. Во нив се вклучени податоците од: Основно јавно обвинителство Делчево, Гевгелија, Струмица, Свети Николе, Кавадарци, Крива Паланка, Куманово, Охрид, Велес, Тетово, Струга, Берово, Дебар и Радовиш. Останатите јавни обвинителства одговорија дека овие податоци се веќе содржани во годишните извештаи за работата на јавните обвинителства во РМ, но би сакале да посочиме дека овие извештаи содржат збирни податоци за бројот на пријавени сторители за секоја глава од КЗ. Оттука, ваквите податоци не можеа да бидат вклучени во оваа анализа. Според прикажаните податоци, евидентно е дека, како што е случајот и со Основното јавно обвинителство

Скопје, и во другите јавни обвинителства најголем број пријави низ годините се за кривичното дело од член 144 – „Загрозување на сигурноста“. Според податоците до кои дојдовме преку барања за пристап до информации од јавен карактер, пријавите имаат речиси иста бројка во 2010, 2011 и 2012 година од околу 90 пријави годишно, но од 2013 година бројот на пријави има тенденција на пораст и достигнува вкупен број од 185 пријави во 2015 година, што е двојно поголем во споредба со 2012 година. Меѓу кривични дела за кои нема ниту една пријава се јавуваат кривичните дела од член 146 – „Противзаконско вршење претрес“, член 148 – „Неовластено објавување на лични записи“, член 150 – „Неовластено откривање тајна“, член 151 – „Неовластено прислушкување и тонско снимање“, член 153 – „Повреда на правото на поднесување на правно средство“, член 154 – „Спречување на печатење и растурање на печатени работи“, член 155 – „Спречување или смеќавање на јавен собир“ и од член 157-в – „Пиратерија на фонограм“. За некои кривични дела има само по една или неколку пријави, како што се кривичните дела од член 138 – „Повреда на правото на употреба на јазикот и писмото“ (шест пријави во 2011 година и една пријава во 2013 година), член 142 – „Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување“ (четири пријави во 2014 година), член 145 – „Нарушување и неповредливост на домот“ (две пријави во 2011 година, една пријава во 2013 година, една пријава во 2014 година и три во 2015 година), член 147 – „Повреда на тајноста на писмата или други пратки“ (по една пријава во 2010 и 2012 година), член 152 – „Неовластено снимање“ (една пријава во 2012 година и две пријави во 2014 година), член 156 – „Повреда на правото на штрајк“ (една пријава во 2015 година).

Ваквите податоци укажуваат на тоа дека граѓаните, како и МВР, најчесто ги пријавуват само случаите кога им е загрозена сигурноста. Пријавите се во голем број поднесени од страна на МВР.

И во другите основни јавни обвинителства е евидентно дека за кривичните дела од член 140 – „Противправно лишување од слобода“ и од член 141 – „Грабнување“, исто така, има поголем број пријави во однос на другите кривични дела, со таа разлика што кај другите основни јавни обвинителства се бележат поголем број пријави и за кривичните дела од член 143 – „Малтретирање при вршење на служба“ (43 пријави), од член 157 – „Повреда на авторско право и други сродни права“ (46 пријави) и од член 157-а – „Повреда на правото на дистрибутерот на технички посебно заштитен сателитски сигнал“ (27 пријави).

## 5. ДРУГИ ОСНОВНИ СУДОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




***Графикон бр. 5***

Во графиконот бр. 5 прикажани се податоци за **бројот на заведени предмети** во 13 Основни судови (Основен суд Битола, Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Дебар, Основен суд Кичево, Основен суд Кочани, Основен суд Кратово, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Куманово, Основен суд Неготино, Основен суд Прилеп, Основен суд Свети Николе и Основен суд Струмица) по одделни кривични дела од Глава XV од Кривичниот законик – Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот од член 137 до член 157-в, за 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година.[38] Како и кај претходните графикони и кај другите основни судови најзастапени се пријавите за кривичното дело од член 144 – „Загрозување на сигурноста“. И кај овие судови има кривични дела за кои нема ниту една пријава низ годините, меѓу кои се кривичните дела од член 137 – „Повреда на рамноправноста на граѓаните“, член 146 – „Противзаконско вршење претрес“, член 150 – „Неовластено откривање тајна“, член 154 – „Спречување на печатење и растурање на печатени работи“, член 155 – „Спречување или смеќавање на јавен собир“, член 156 – „Повреда на правото на штрајк“ и член 157-в „Пиратерија на фонограм“.

[38] Во одговорите од останатите седум судови (Основен суд Берово, Основен суд Виница, Основен суд Гевгелија, Основен суд Дебар, Основен суд Делчево, Основен суд Радовиш и Основен суд Ресен) беше посочено дека судовите не водат таква евиденција или пак беа доставени збирни податоци без да бидат расчленети по кривични дела, поради што не можеше да бидат употребени според методолошката рамка на анализата.

## ПРИЈАВИ по Глава XVI од Кривичен законик, кривични дела против изборите и гласањето (од член 158 до член 165-в)

### 1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ




***Графикон бр. 6***

Во графиконот бр. 6 прикажани се податоци за **бројот на пријави** од страна на граѓани и случаи регистрирани од МВР по одделни кривични дела од Глава XVI од Кривичниот законик – Кривични дела против изборите и гласањето од член 158 до член 165-в, за 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година, а тие се прибавени од Министерството. Пријави по кривични дела од оваа глава МВР има регистрирано само во 2011, 2013 и 2014 година, додека во 2010, 2012, 2015 и 2016 година нема регистрирано ниту една пријава за кривични дела од оваа глава. Во 2011 година регистрирани се три пријави по член 164 – „Уништување на изборен материјал“ и една пријава по член 165-а – „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања“. Во 2013 година регистрирани се пет пријави по член 158 – „Спречување избори и гласање“, осум пријави по член 160 – „Повреда на слободата на определување на избирачите“, една пријава по член 161 – „Злоупотреба на избирачкото право“, седум пријави по член 162 – „Поткуп при избори и гласање“, две пријави по член 163 – „Повреда на тајноста на гласањето“ и една пријава по член 164 – „Уништување на изборен материјал“. Во следниот дијаграм е прикажан вкупниот број пријави во МВР збирно за сите години по одделни кривични дела.




## 2. ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО СКОПЈЕ




***Графикон бр. 7***

Во графиконот бр. 7 прикажани се податоци за **бројот на пријави** од страна на граѓани и од страна на МВР по одделни кривични дела од Глава XVI од Кривичниот законик – Кривични дела против изборите и гласањето од член 158 до член 165-в, за 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година. Податоците се однесуваат на пријави евидентирани во Основното јавно обвинителство во Скопје. Според прикажаните податоци, евидентно е дека за кривични дела против изборите и гласањето единствено има две пријави во 2014 година за кривичното дело „Изборна измама" од член 165 од Кривичниот законик, а за

другите нема ниту една пријава, ниту од страна на граѓанин, ниту од страна на МВР. Прашање е дали ваквите податоци укажуваат на непостоење на прекршување на овие права или, пак, симптоматично е зошто повредите не се пријавуваат. Овие податоци се показател дека свеста кај граѓаните и полицијата за можноста за кривично-правна заштита на избирачките права е на многу ниско ниво. За непријавувањето на повредите на избирачките права влијае и недовербата во институциите, како и политичкиот притисок или страв.

## 3. ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ




***Графикон бр. 8***

Во графиконот бр. 8 прикажани се податоци за бројот на заведени предмети во Основниот суд Скопје 1 – Скопје по одделни кривични дела од Глава XVI од Кривичниот законик – Кривични дела против изборите и гласањето од член 158 до член 165-в, за 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година. За кривичните дела од оваа глава има поведено постапки само за кривичните дела од член 158 – „Спречување избори и гласање“ и од член 165-а – „Злоупотреба на средства за финансирање на изборна кампања“, и тоа по една пријава во седум години. Овие податоци се повторно показател дека свеста е на многу ниско ниво, како и тоа дека постои недоверба во институциите, политички притисок или страв.

## 4. ОСТАНАТИ ОСНОВНИ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА




***Графикон бр. 9***

Во графиконот бр. 9 прикажани се податоци за **бројот на пријави** од страна на граѓани и од страна на МВР по одделни кривични дела од Глава XVI од Кривичниот законик – Кривични дела против изборите и гласањето од член 158 до член 165-в, за 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година. Податоците се однесуваат на пријави евидентирани во другите основни јавни обвинителства во Република Македонија, исклучувајќи го Основното јавно обвинителство Скопје, поточно јавните обвинителства кои водат ваков тип евиденција и кои доставија податоци. Во нив се вклучени податоците од: Основно јавно обвинителство Делчево, Гевгелија, Струмица, Свети Николе, Кавадарци, Крива Паланка, Куманово, Охрид, Велес, Тетово, Струга, Берово, Радовиш и Дебар. Според прикажаните податоци евидентно е дека како што е случајот и со Основното јавно обвинителство Скопје и во другите јавни обвинителства пријави за кривични дела против изборите и гласањето речиси и да нема. Единствено во 2012 година има четири пријави за кривично дело „Повреда на избирачко право“ од член 159 од Кривичниот законик, во 2013 година има три пријави за кривично дело „Спречување избори и гласање“ од член 158 и три пријави за кривично дело „Уништување на изборен материјал“ од член 164. И во другите основни јавни обвинителства низ Македонија е забележителна истата појава како и во Основното јавно обвинителство Скопје.

## 5. ДРУГИ ОСНОВНИ СУДОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




***Графикон бр. 10***

Во графиконот бр. 10 прикажани се податоци за **бројот на заведени предмети** по одделни кривични дела од Глава XVI од Кривичниот законик – Кривични дела против изборите и гласањето од член 158 до член 165-в, за 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година. Податоците се однесуваат на предмети евидентирани во 13 основни судови во Република Македонија (Основен суд Битола, Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Дебар, Основен суд Кичево, Основен суд Кочани, Основен суд Кратово, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Куманово, Основен суд Неготино, Основен суд Прилеп, Основен суд Свети Николе и Основен суд Струмица). По еден предмет има за кривичните дела од член 159 – „Повреда на избирачко право“, член 160 – „Повреда на слободата на определување на избирачите“ и член 161 – „Поткуп при избори и гласање“. За другите кривични дела од оваа глава нема ниту една пријава низ годините како што е случај и со погоре прикажаните податоци од другите органи што водат ваква евиденција.

**Табела 2:**
**Пријавени полнолетни лица според групите на кривични дела и подносителот на кривичната пријава, 2015 година**

| | Вкупно | | |
|---|---|---|---|
| | се | непосредно | преку МВР |
| **Вкупно за сите кривични дела** | **26.069** | **4.139** | **21.930** |
| Оштетен граѓанин | 1.518 | 1.317 | 201 |
| Друг граѓанин | 40 | 32 | 8 |
| Оштетен деловен субјект | 984 | 925 | 59 |
| Инспекција | 22 | 15 | 7 |
| МВР | 21.630 | | 21.630 |
| Други органи на управа | 1.237 | 1.214 | 23 |
| Непосредно сознание на јавниот обвинител | 106 | 106 | |
| Други | 532 | 530 | 2 |
| **Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | | | |
| **Вкупно** | **534** | **86** | **448** |
| Оштетен граѓанин | 97 | 71 | 26 |
| Оштетен деловен субјект | 3 | 3 | |
| МВР | 420 | | 420 |
| Други органи на управа | 11 | 9 | 2 |
| Непосредно сознание на јавниот обвинител | 1 | 1 | |
| Други | 2 | 2 | |
| **Кривични дела против изборите и гласањето** | | | |
| **Вкупно** | **4** | **1** | **3** |
| Друг граѓанин | 1 | 1 | |
| МВР | 3 | | 3 |

Извор: Државен завод за статистика

Најчест пријавувач на овие кривични дела е полицијата, а тоа се гледа и од податоците на ДЗС. Голем број пријави оштетените и другите пријавувачи наместо до Јавното обвинителство пријавите ги поднесуваат до МВР. Деловните субјекти и правни лица по правило пријавуваат директно до Јавното обвинителство, додека оштетените и другите граѓани често пријавуваат во

полиција. Фактот дека од непосредно пријавените Јавното обвинителство одбива половина, а од пријавените преку МВР се отфрлаат само мал дел е симптоматичен и треба подобро да се испита. Можно е обвинителството да е на некој начин пристрасно (попустливо) кон пријавите од полицијата, а можно е и таа претходно да селектирала дел од овие пријави. Како инаку да се објасни малиот број откриени сторители.

## ПОКРЕНАТИ ПОСТАПКИ И ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ по Глава XV од Кривичен законик, кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот (од член 137 до член 157-в)

### 1. ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО СКОПЈЕ




***Графикон бр. 11***

Во графиконот погоре (Графикон бр. 11), прикажани се податоци за **бројот на поднесени обвинителни акти и предлози** до надлежен суд по одделни кривични дела од Глава XV од Кривичниот законик – Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот од член 137 до член 157-в, за 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година. Податоците се однесуваат на

покренати постапки евидентирани во Основното јавно обвинителство во Скопје. Иако за определени кривични дела бројот на пријави е голем, не се покренати обвиненија по сите пријави. Најголем број пријави низ годините се за кривичното дело од член 144 – „Загрозување на сигурноста“ (види Графикон бр. 2), меѓутоа само за дел од нив е покрената постапка. Па така, за ова кривично дело во 2010 година покренати се постапки во само осум случаи наспроти пријавените 14. Во 2011 година покренати се постапки во шест случаи наспроти пријавените 12, во 2012 година покренати се постапки во десет случаи наспроти пријавените 12, во 2013 година не е покрената постапка во ниту еден случај наспроти пријавените два, во 2014 година покренати се постапки во 22 случаи наспроти пријавените 25, во 2015 година не е покрената ниту една постапка наспроти пријавените 33 и во 2016 година покренати се постапки во само два случаи наспроти пријавените шест.

За другите кривични дела имаме различен број на покренати постапки. За кривичното дело од член 140 – „Противправно лишување од слобода“ покренати се постапки во вкупно 19 случаи од кои во 2010 година во четири случаи, во 2011 година во два случаи, во 2012 година во три случаи, во 2014 година во пет случаи, во 2015 година во четири случаи и во 2016 година во еден случај. За кривичното дело од член 141 – „Грабнување“ покренати се постапки во четири случаи во 2012 година, во четири случаи во 2013 година и во еден случај во 2015 година. За делото од член 145 – „Нарушување на неповредливоста на домот“ покренати се постапки во 12 случаи, сите во 2015 година. За кривичното дело од член 149 – „Злоупотреба на лични податоци“ покрената е постапка во еден случај во 2014 година и во два случаи во 2015 година. За кривичното дело од член 157 – „Повреда на авторско право и сродни права“ покрената е постапка во шест случаи во 2010 година и во еден случај во 2011 година. За кривичното дело од член 157-а – „Повреда на правото на дистрибутерот на технички и посебно заштитен сателитски сигнал“ покрената е постапка само во еден случај во 2010 година, а за кривичното дело од член 157-б покренати се постапки во осум случаи во 2010 година. За оние дела за кои е покрената постапка, надлежниот суд речиси во сите случаи има донесено осудителна пресуда, а само во еден случај има донесено ослободителна пресуда. Во продолжение, графички приказ (Графикон бр. 12) на податоците за **донесени одлуки** од страна на надлежниот суд, по поднесените обвинителни акти и предлози.




***Графикон бр. 12***

За кривичното дело од член 140 – „Противправо лишување од слобода" покренатите 19 обвинителни акти и предлози завршиле со 11 **осудителни** одлуки. Од вкупно покренатите девет постапки, осум завршиле со обвинителна пресуда за кривичното дело од член 141 – „Грабнување". За кривичното дело од член 144 – „Загрозување на сигурноста", пак, од вкупно покренатите 60 постапки само 49 завршиле со осудителна пресуда, а една со ослободителна пресуда. Кај кривичното дело од член 145 – „Нарушување на неповредливоста на домот" наспроти покренатите постапки во 12 случаи само осум завршиле со осудителна пресуда. Кај кривичното дело од член 149 – „Злоупотреба на лични податоци" од покренатите три постапки, две завршиле со осудителни пресуди, за кривичното дело од член 157 – „Повреда на авторско право и сродни права" наспроти покренатите седум постапки, шест завршиле со осудителни пресуди, а за кривичното дело од член 157-б – „Пиратерија на аудиовизуелно дело" сите покренати осум постапки завршиле со осудителна пресуда.

За да се добие подобра слика за соодносот помеѓу покренатите постапки за кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот (од член 137 до член 157-в) од Кривичниот законик и донесените осудителни пресуди од надлежен суд, во следниот графички приказ (Графикон бр. 13) е прикажан бројот на покренати постапки и бројот на донесени осудителни пресуди по одделни години.




***Графикон бр. 13***

## 2. ДРУГИ ОСНОВНИ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА

Сличен е случајот и со другите основни јавни обвинителства за кои податоците за поведени постапки се прикажани во графиконот бр. 14. Во другите основни јавни обвинителства, најголем број на поднесени обвинителни акти и предлози до надлежен суд е за кривичните дела за кои има најголем број пријави, меѓутоа постапките што се поведени се во процент од околу 70% од вкупниот број пријави по овие кривични дела. За жал, другите основни јавни обвинителства не располагаат со информации и податоци за бројот и видот на донесени одлуки од надлежните судови, па не може да се направи анализа на завршниот резултат од постапките за односните кривични дела.




***Графикон бр. 14***

**ПОКРЕНАТИ ПОСТАПКИ И ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ по Глава XVI *од Кривичен законик, кривични дела против изборите и гласањето (од член 158 до член 165-в)*** – По однос на податоци за **поднесени обвинителни акти и предлози** до надлежен суд за кривични дела од Глава XVI од Кривичниот законик – Кривични дела против изборите и гласањето од член 158 до член 165-в, за 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година, ниту во Основното јавно обвинителство Скопје, ниту во другите основни јавни обвинителства, нема податоци за покренати постапки за кривични дела од оваа глава. Ова е во согласност со податоците од Графикон бр. 3 и 4 од кои е евидентно дека пријави за овие кривични дела речиси и нема, па аналогно на тоа, нема евидентирано ни постапки.

## Податоци за бројот на обвиненијата и одлуките (осудите) според Државниот завод за статистика

Погоресогледаниот сразмер за односот на бројот на обвинети наспроти пријавени (околу 70%) и бројот на осудени наспроти обвинети (исто околу 70%) повеќе или помалку важи и за податоците објавени во службените статистики на ДСЗ. Сепак, кај другите кривични дела и особено во вкупниот криминал што се процесирал може да се забележи дека во другите случаи јазот помеѓу пријавени и обвинети сторители на кривични дела е многу поголем, односно бројот на обвинети во однос на пријавени е помал од 50% (наспроти 70% кај набљудуваните дела), додека, пак, соодносот помеѓу обвинети и осудени е обратен – кај другите дела осудени се повеќе од 90% од обвинетите (за разлика од околу 70% кај „нашите“ предмети).

**Табела 3:**
**Пријавени полнолетни лица според групите на кривични дела**

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012[1)] | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 26.409 | 30.404 | 30.004 | 31.284 | 31.860 | 34.436 | 37.164 | 26.069 |
| Кривични дела против слободите и правата | 296 | 410 | 500 | 357 | 407 | 583 | 429 | 534 |

**Табела 4:**
**Обвинети полнолетни лица според групите на кривични дела**

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно за сите КД | 11.310 | 11.905 | 11.239 | 12.219 | 11.311 | 12.297 | 13.699 | 11.951 |
| Кривични дела против слободите и правата | 244 | 281 | 335 | 353 | 330 | 407 | 406 | 370 |

**Табела 5:**
**Осудени полнолетни лица според групите на кривични дела**

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 9.503 | 9.801 | 9.169 | 9.810 | 9.042 | 9.539 | 11.683 | 10.312 |
| Кривични дела против слободите и правата | 173 | 185 | 217 | 240 | 223 | 283 | 301 | 272 |

Извор: Државен завод за статистика

Од осудените сторители за кривични дела против слободите и правата за 2015 година (272 лица) најголем број се осудени на условна казна затвор (158 лица), на казна затвор се осудени 62 лица, на парична казна 42 лица, условна парична казна три лица и судска опомена е изречена на само две лица. Оттука, може да се види дека и кај казните овие дела се разликуваат од вкупните текови, па така, додека кај другите кривични дела имаме (вкупно) повеќе изречени казни (5.848) отколку алтернативни мерки (4.464), кај делата против слободите и правата се изречени повеќе алтернативни мерки (163) отколку казни (109).

ПОДАТОЦИ ОД НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ за поднесени барања до надлежен јавен обвинител за покренување постапки заради утврдување на казнена одговорност




***Графикон бр. 15***

Во графиконот бр. 15 презентирани се податоците за поднесени барања до надлежен јавен обвинител за покренување постапка заради утврдување на казнена одговорност од страна на Народниот правобранител. Од графиконот може да се види дека Народниот правобранител има поднесено вкупно 17 вакви барања од 2010 година до 2016 година.[39] Ваквиот број е релативно мал, ако се има предвид дека Народниот правобранител – Национален превентивен механизам согласно Законот за народен правобранител („Службен весник на РМ“, број 60/2003 од 22.9.2003 година) има непречен пристап до сите места на лишување од слобода и може да разговора без надзор со лицата лишени од слобода и со други лица. Согласно овој закон, Народниот правобранител ќе констатира повреди на уставните и на законските права и може да поднесе „барање“[40] до надлежниот јавен обвинител за покренување постапка заради утврдување на казнена одговорност, што ретко се прави.

Сепак, најновите измени на Законот за Народен правобранител („Службен весник на РМ“, број 181/16 и 189/16, усвоени од Собранието на РМ, чијашто примена е од април 2017 година, нудат квалитетни измени во постојната законска регулатива во смисла на зголемени овластувања на Народниот правобранител, а кои би требало да значат зголемување на ефикасноста и ефективноста на неговата работа.

[39] Види: http://ombudsman.mk/.

[40] Не е јасно зошто Народниот правобранител упорно се држи до поднесување на некакви „барања“, наместо да поднесе кривична пријава согласно ЗКП. Сличен пристап во својата практика од чудни причини има и Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Табела 6:**
**Пријавени полнолетни лица според групите на кривични дела, видот на одлуката и притворот (2015 г.)**

| | Вкупно | Траење на притворот | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | до 3 дена | над 3 до 15 дена | над 15 дена до 1 месец | над 1 до 2 месеца | над 2 до 3 месеци | над 3 месеци |
| **Вкупно за сите крив. дела** | **275** | **8** | **45** | **56** | **128** | **17** | **21** |
| Отфрлена пријава | 11 | 3 | 2 | 2 | 3 | - | 1 |
| Поднесен обвинителен акт | 264 | 5 | 43 | 54 | 125 | 17 | 20 |
| **Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | | | | | | | |
| **Вкупно** | **3** | **-** | **1** | **-** | **2** | **-** | **-** |
| Отфрлена пријава | 1 | - | 1 | - | - | - | - |
| Поднесен обвинителен акт | 2 | - | - | - | 2 | - | - |

Извор: ДСЗ

Од податоците на ДЗС притворот ретко се определува кај овие кривични дела. Имено, во 2015 година имало определено три мерки притвор за дела против слободите и правата и ниту еден за дела против изборите. Неговото траење е исто така во разумни граници (до два месеца), што, како што знаеме, не е случај со другите кривични дела, за што нашето правосудство веќе подолго време трпи сериозни критики.

**Табела 7:**
**Пријавени полнолетни лица според групите на кривични дела, видот на одлуката и притворот (2015 г.)**

| | Вкупно | Траење на постапката од пријавата до одлуката | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | до 1 месец | од 1 до 2 месеца | од 2 до 4 месеци | над 4 до 6 месеца | над 6 месеци до 1 година | преку една година |
| **Вкупно** | **15.408** | **3.239** | **2.295** | **2.957** | **1.495** | **1.956** | **3.466** |
| Отфрлена пријава | 6.105 | 1.241 | 920 | 1.166 | 602 | 853 | 1.323 |
| Прекината истрага | 12 | - | 2 | - | 2 | 3 | 5 |
| Запрена истрага | 237 | 2 | 34 | 16 | 12 | 23 | 150 |
| Поднесен обвинителен акт | 9.054 | 1.996 | 1.339 | 1.775 | 879 | 1.077 | 1.988 |
| **Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | | | | | | | |
| **Вкупно** | **490** | **175** | **101** | **98** | **48** | **39** | **29** |
| Отфрлена пријава | 201 | 66 | 42 | 53 | 18 | 11 | 11 |
| Запрена истрага | 5 | - | - | - | - | 1 | 4 |
| Поднесен обвинителен акт | 284 | 109 | 59 | 45 | 30 | 27 | 14 |
| **Кривични дела против изборите и гласањето** | | | | | | | |
| **Вкупно** | **4** | **-** | **-** | **3** | **-** | **-** | **1** |
| Отфрлена пријава | 4 | - | - | 3 | - | - | 1 |

Слична ситуација имаме и кај податоците за должината на постапката. Нашиот судски систем долго се критикуваше и заради бавноста на постапката. Имено, една од причините за реформата беше долготo траење на постапката, за што постоеја повеќе причини, меѓу кои и моделот на една неоинквизиторна постапка обременета со судскиот патернализам.

Така, ако ги споредиме податоците за 2012 година за траење на постапката (како последна година на примена на стариот ЗКП (иако неговата примена продолжи за сите веќе почнати постапки) од пријавата до донесувањето одлука, од вкупно 15.480 пријави постапката траела: до еден месец – во 4.492 случаи; од еден до два месеца – 1.872 случаи; од два до четири месеци – 2.203; од четири до шест месеци – 1.124; од шест месеци до една година – 2.313 случаи; преку една година – 3.270 случаи.

За жал, ситуацијата не е битно променета во однос на траењето на постапките и по стапување во сила на новиот ЗКП. Имено, според податоците на ДЗС за 2015 година за траење на постапката (прикажани горе во табелата), од вкупно 15.408 пријави (речиси исто колку и во 2012 година!) постапката траела: до еден месец – во 3.239 случаи; од еден до два месеца – 2.295 случаи; од два до четири месеци – 2.957; од четири до шест месеци – 1.495; од шест месеци до една година – 1.956 случаи; преку една година – 3.466 случаи. Значи, поместувања нема, иако сега применуваме сосема нов модел на кривична постапка, а извршени се и низа други реформи сè со цел да се забрза постапката.

Сепак, како и кај притворот, проблемот на долго траење на постапката не е евидентен кај делата што ги анализираме посебно во оваа студија, па така за кривичните дела против слободите и правата според податоците за 2015 година, од вкупно 495 пријави постапката траела: до еден месец – во 175 случаи; од еден до два месеца – 101 случај; од два до четири месеци – 98; од четири до шест месеци – 48; од шест месеци до една година – 39 случаи; преку една година – 29 случаи. Ова јасно покажува дека постапките по овие предмети (за кривични дела против слободите и правата) се одвиваат многу побрзо од вкупниот просек, без некои поголеми одолжувања, што не е за занемарување. Судски постапки за дела против изборите имало премалку за да можат да се изведуваат какви било заклучоци за должината на постапките.

## Заклучоци:

- Во оваа анализа видовме дека граѓаните малку ја користат можноста да пријават кривични дела против нивните права и слободи, вклучително и избирачките права, големиот дел од овие кривични дела остануваат во т.н. темна бројка на криминал што допрва треба да се истражи.
- Казнено-правното законодавство во оваа сфера, како што видовме, начелно е на ниво на нормативата во Европа и во регионот, со многу динамични инкриминации во сферата на изборите. Тоа не значи дека истото номотехнички не треба да се унапредува. Некои инкриминации се донесени набрзина, понекогаш без солидна споредбено-правна анализа и без доволно јавна стручна и научна расправа. Така, некои кривични дела треба да се преиспитаат, на пример, кривичното дело „Тортура“, што е вистинска лошо номотехнички уредено.
- Ограничувачки фактор беше тоа што во оваа студија се фокусиравме само врз главите петнаесет и шеснаесет, иако важни инкриминации за дела против човековите права и слободи има и во други глави на КЗ, но ова беше неизбежно од методолошки и практични причини.
- Собраните податоци укажуваат на тоа дека граѓаните најчесто ги пријавуваат случаите кога им е загрозена сигурноста. За кривичните дела од член 140 – „Противправно лишување од слобода“ и од член 141 – „Грабнување“, исто така, има поголем број пријави во однос на другите кривични дела.
- Целосно отсуство на пријави за некои кривични дела или нивен многу мал број е зачудувачки, ако се земе предвид дека некои појави се сметаат за многу критични, како што е примерот со неовластеното прислушкување, што е ноторно познат проблем со години наназад, проблемот со рамноправноста на јазиците на кој се сензитивни националните малцинства и проблемот со тортурата и малтретирањето во службата, што е нотиран во серија извештаи за повреда на човековите права на домашни и меѓународни органи и организации, но и пресуди на Европскиот суд во Стразбур.
- За разлика од другите кривични дела, каде што има константен пораст на пријавени кривични дела, тоа не е случај така изразено кај делата против слободите и правата, додека, сосема разбирливо, бројот на дела против изборите варира согласно динамиката на изборните циклуси. Бројот, пак, на пријавени непознати сторители кај овие дела е мал, споредено со другите кривични дела. Така, во 2014 година, од вкупно 534 пријавени кај делата против слободите непознати биле само 40, а во 2014 година, од 429 пријавени непознати биле само 20! Кај другите групи на кривични дела бројот на непознати е многу поголем и изнесува повеќе од 60%, со тенденција за пораст

од година во година.

- Според прикажаните податоци, евидентно е дека од делата против слободите и правата најголем број на судски постапки се воделе за кривичното дело од член 144 – „Загрозување на сигурноста“. За некои кривични дела нема ниту една поведена постапка, од што може да се заклучи дека нема поднесени обвинителни акти, односно предлози. Такви се кривичните дела од член 138 – „Повреда на правото на употреба на јазикот и писмото“, член 150 – „Неовластено откривање тајна“, член 153 – „Повреда на правото на поднесување на правно средство“, член 154 – „Спречување на печатење и растурање на печатени работи“, член 155 – „Спречување или смеќавање на јавен собир“ и од член 156 – „Повреда на правото на штрајк“.
- Според прикажаните податоци, евидентно е дека за кривични дела против изборите и гласањето единствено има незначителен број на пријави, при што за некои кривични дела нема ниту една пријава, ниту од страна на граѓанин, ниту од страна на МВР. Прашање е дали ваквите податоци укажуваат на тоа дека не постои прекршување на овие права, што не е многу веројатно, или повредите од некои причини не се пријавуваат. Овие податоци се показател дека свеста кај граѓаните и полицијата за можноста за кривично правна заштита на избирачките права е на многу ниско ниво. За непријавувањето на повредите на избирачките права влијае и недовербата во институциите, како и политичкиот притисок или страв.
- Најчест пријавувач на овие кривични дела е полицијата. Оштетените и другите пријавувачи, наместо до Јавното обвинителство, пријавите ги поднесуваат до МВР. Фактот дека од непосредно пријавените јавното обвинителство одбива половина, а од пријавените преку МВР се отфрлаат само мал дел е симптоматичен и треба подобро да се испита.
- Околу 70% од пријавените за овие кривични дела стануваат обвинети, а повеќе од 70% од обвинетите се осудени, што се разликува од другите кривични дела и особено во вкупниот криминал што се процесирал, каде што јазот помеѓу пријавени и обвинети сторители на кривични дела е многу поголем, односно бројот на обвинети во однос на пријавени е помал од 50%, додека, пак, соодносот помеѓу обвинети и осудени е обратен – кај другите дела осудени се повеќе од 90% од обвинетите.
- Од осудените сторители за кривични дела против слободите и правата за 2015 година (272 лица) најголем број се осудени на условна казна затвор (158 лица), на казна затвор се осудени 62 лица, на парична казна 42 лица, условна парична казна три лица и судска опомена е изречена на само две лица. Оттука, може да се види дека и кај казните овие дела се разликуваат од вкупните

текови, па така, додека кај другите кривични дела имаме повеќе изречени казни отколку алтернативни мерки, кај делата против слободите и правата се изречени повеќе алтернативни мерки (163) отколку казни (109).

- Притворот ретко се определува кај овие кривични дела. Имено, во 2015 година имало определено три мерки притвор за дела против слободите и правата и ниту еден за дела против изборите. Неговото траење е исто така во разумни граници (до два месеца), што, како што знаеме, не е случај со другите кривични дела.
- Слично, проблемот на долго траење на постапката не е евидентен кај делата што ги анализираме посебно во оваа студија, па така, за кривичните дела против слободите и правата според податоците за 2015 година, од вкупно 495 пријави постапката траела: до еден месец – во 175 случаи; од еден до два месеца – 101 случај; од два до четири месеци – 98; од четири до шест месеци – 48; од шест месеци до една година – 39 случаи; преку една година – 29 случаи. Ова јасно покажува дека постапките по овие предмети (за кривични дела против слободите и правата) се одвиваат многу побрзо од вкупниот просек, без некои поголеми одолжувања.
- Со оглед на малиот број пријави од граѓани за кривичните дела против слободите и правата, може да се констатира дека постои ниска свест за можноста за нивна кривично-правна заштита. Фактот што најчесто регистрирано кривично дело е „Загрозување на сигурноста“ наведува на заклучокот дека граѓаните најчесто пријавуваат ситуации кога имаат сериозна закана по нивниот или животот на нивните блиски. Од друга страна, постои целосна неинформираност на граѓаните за кривичните дела против изборите и гласањето. Сепак, минималниот број пријави за овие дела може да е и поради недовербата во институциите да реагираат и процесираат пријави при прекршувања на избирачките права.
- Од друга страна, нискиот број на обвинителни акти за кривичните дела што се гонат по службена должност наведува на заклучокот дека и обвинителството е мошне пасивно кога се работи за заштита на слободите и правата на граѓаните, особено избирачките права. Впрочем, во најголем број од случаите Јавното обвинителство може да покрене постапка по службена должност кога има сознанија дека било извршено едно од овие кривични дела, особено кога се сторени од страна на службени лица.
- Нискиот број пријави за прекршување на слободите и правата на човекот и избирачките права е индикатор и за недоверба во институциите особено кога се работи за пријави против службени лица. На пример, кривичните дела што се однесуваат на забраната од тортура, „Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување“ и „Малтретирање во вршење на

службата“, можат да бидат сторени единствено од службени лица и Јавното обвинителство може да поведува постапки по службена должност за овие кривични дела. Сепак, според прикажаните податоци, но и многубројните примери на прекумерна употреба на сила од страна на полицијата во кои отсуствувало истрага од страна на Јавното обвинителство, докажуваат дека не постои независност на оваа институција за гонење сторители кои извршуваат одредена службена должност или јавна функција.

## Генерални препораки:

- Неопходно е информирање на граѓаните за постоењето на кривично-правна заштита на нивните слободи и права, вклучително и на избирачките права. Во овој период, земајќи го предвид општествено-политичкиот контекст, особено важно е да се покрене свесноста за важноста и потребата од заштита на човековите права и слободи генерално, како и да се потенцираат механизмите за заштита вклучително и кривично-правната.
- Министерството за внатрешни работи треба со голема сериозност да ги регистрира пријавите од граѓаните за прекршени слободи и права и да препознава елементи на кривичните дела што истите ги штитат. Следствено, мора да поднесува кривични пријави до Јавното обвинителство во случаите кога поради прекршување на правата и слободите на граѓаните се исполнети битијата на кривичните дела што се предмет на оваа анализа.
- Истото важи и за Јавното обвинителство, кое мора сериозно да почне да реагира по сознанија за сторени кривични дела против слободите и правата на граѓаните, вклучително и за избирачките права.
- Потребни се поголем број обуки за полициските службеници и јавните обвинители за препознавање на кривичните дела против слободите и правата на човекот, вклучително и избирачките права. Во оваа насока, неопходно е полициските службеници и јавните обвинители да ја зајакнат својата независност и соодветно да ги гонат сторителите на овие кривични дела, особено во случаите кога тоа се службени лица и носители на јавни функции. Во овој дел особено важна е Академијата за судии и јавни обвинители која во програмите треба да вклучи обуки и за кривичните дела против правата и слободите на човекот и граѓаните.
- Во однос на кривично-правната заштита на слободите и правата, неопходно е и суштинско преиспитување на одредени кривични дела, особено на кривичното дело „Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување“.

## Студија на случај

На ден 17.11.2012 година околу 12:45 часот, а по повод Меѓународниот ден на толеранцијата – 16 ноември, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија организираше Марш на толеранција под мотото „Стоп на женофобијата, хомофобијата и трансфобијата", што беше планиран да почне во 13 часот кај Музејот на Град Скопје. Во програмата за маршот беше предвидено поставување штандови на плоштадот „Македонија", на кои организациите што дадоа поддршка на маршот изложија промотивен материјал од нивната работа. Хелсиншкиот комитет уредно го пријави настанот до Министерство за внатрешни работи – полициска станица Центар и доби одобрение од Град Скопје за поставување штандови.

Пред почетокот на маршот две лица беа физички нападнати од страна на трето лице. Оштетените се активисти за човекови права и ангажирани во организациите што го организираа, односно го поддржаа Маршот за толеранција. Околу 12:45 часот, оштетените ги подготвувале штандовите, кога во еден момент осомничениот со капа на главата и прикриено лице вербално им се заканил: **„Да се чистите од овде за 4 секунди"** и веднаш физички прво ги нападнал со тупаници. Откако ги совладал оштетените, осомничениот продолжил да дивее, почнал да ги крши и да ги фрла штандовите и материјалите поставени на нив, па се оддалечил од критичното место, удирајќи и други лица кои му биле во околината.

На ден 18.02.2013 година оштетените поднеле кривична пријава до Основното јавно обвинителство против напаѓачот, поради постоење на основано сомнение дека сторил кривични дела „Насилство" по член 386 од КЗ, „Спречување или смеќавање на собир" по член 155 од КЗ и „Повреда на рамноправноста" по член 137 од КЗ. Основното јавно обвинителство ја отфрла кривичната пријава во делот на постоење на основано сомнение дека обвинетиот сторил кривично дело „Спречување или смеќавање на јавен собир" по член 155 од КЗ и кривичното дело „Повреда на рамноправноста" по член 137 од КЗ, а го презема гонењето за кривичното дело „Насилство" по член 386 од КЗ. Оштетените, со супсидијарен обвинителен предлог од 30.05.2013 година, го продолжуваат гонењето за кривичните дела „Спречување или смеќавање на јавен собир" по член 155 од КЗ и „Повреда на рамноправноста", за што Основниот суд Скопје 1 – Скопје оформува предмет.

Судот, по цели шест месеци, бара прецизирање на супсидијарниот

обвинителен предлог од страна на полномошникот на оштетените. По добивањето на прецизираниот супсидијарен обвинителен предлог, Судот првпат закажува претрес на 18.02.2014 година, што се одлучува за 01.04.2014 година по барање на обвинетиот. Следниот претрес се одржува на предвидениот датум, кога се сослушани и обвинетиот и оштетените. Со оглед на тоа што за истиот кривично-правен настан истовремено се водеа две одделни постапки, заради економичност и целисходност на постапката побарано беше спојување на двете постапки, барање што го прифаќа Судот. По спојувањето на двата предмета беше закажан претрес за 16.10.2014 година, што беше одложен за 04.11.2014 година, поради отсуство на јавниот обвинител, кој уредно беше поканет. Конечно, Судот на 22.01.2015 година донесе пресуда со која беше утврдена вина на страната на обвинетиот за кривичното дело „Насилство" и кривичното дело „Спречување и смеќавање на јавен собир", што јавно беше објавена на 27.01.2015 година.

Донесената првостепена пресуда беше обжалена со жалби од оштетените и обвинетиот. Постапувајќи по поднесените жалби, второстепениот суд донесе пресуда со која ја укина првостепената пресуда и предметот го врати на повторно одлучување на првостепениот суд. Иако пресудата е донесена на 06.10.2015 година, првото рочиште пред првостепениот суд беше закажано седум месеци подоцна, односно за 05.05.2016 година. Предвиденото рочиште беше одложено за 16.06.2016 година, меѓутоа ни ова рочиште не се одржа и на барање на бранителот на обвинетиот беше одложено за 15.09.2016 година. На ден 14.09.2016 година, закажаното рочиште повторно беше одложено поради отсуство на бранителот на обвинетиот. Иако во предметот има полномошно од двајца бранители на обвинетиот, Судот двапати го одлага рочиштето поради отсуство на еден од бранителите. Со оглед на тоа што ова беше трето одлагање на рочиштето, полномошникот на оштетените со поднесок побара да се закаже термин најбрзо по одложеното рочиште, а откако ова барање не беше прифатено, оштетениот Хелсиншки комитет поднесе претставка до претседателот на Основен Суд Скопје 1 Скопје заради неажурно постапување на судечкиот судија, непотребно одложување на рочиштата и опасност од настапување на апсолутна застареност на кривичното гонење за кривичното дело „Спречување или смеќавање на јавен собир" по член 155 од КЗ, со што оштетените ќе го изгубат правото на заштита на правата и правичен надомест за направената штета.

Постапувајќи по поднесената претставка, Основниот суд Скопје 1 – Скопје на ден 27.09.2016 година го извести Хелсиншкиот комитет дека не постои.

неажурност и неоправдано одолжување, без притоа воопшто да обрне внимание на делот од претставката што се однесуваше на апсолутна застареност на кривичното гонење.

Неприфаќањето на претставката од страна на Судот и неутврдувањето на неажурноста на судечкиот судија не го менува фактот дека рочиштата се повеќепати одложувани и фактот дека се изминати речиси четири години од сторувањето на делото. Дополнително и најважно, не го менува фактот дека кривичното гонење **апсолутно застари на 18.11.2016 година**. Со ваквото постапување постои повреда на *Правото на судење во разумен рок*, што е предвидено во член 6 од ЗКП, како и во член 6 од Европската конвенција за човекови права. Спротивно на ова начело, Судот дозволи кривичното гонење **апсолутно да застари, со што се оневозможи утврдување на кривична одговорност на страната на обвинетиот и определување на соодветна казна за стореното дело, што ќе значеше признавање на ограничувањето на правото на јавен собир на граѓаните.** Поради ова, Хелсиншкиот комитет за човекови права поднесе барање за утврдување на повреда на правото на судење во разумен рок до Врховниот суд на Република Македонија и предметот е во тек.

Во меѓувреме, Судот донесе одлука со која обвинетиот го осуди за кривичното дело „Насилство“, го ослободи од обвинение за кривичното дело „Повреда на рамноправноста на граѓаните“ и утврди застареност за кривичното дело „Спречување или смеќавање на јавен собир“. На ваквата одлука оштетените поднесоа жалба и предметот е на одлучување пред Апелацискиот суд Скопје.